ПАВЛИНКА ВЕЉАНОСКА

# ПРИРАЧНИК

по

## Музичко образование
## за петто одделение

Прирачник по Музичко образование за петто одделение

Издавач: Биро за развој на образованието – Скопје

Уредници:
м-р Мирјанче Милошевска
м-р Емилија Вељаноска

Автор:
м-р Павлинка Вељаноска

Стручна поддршка:
Невена Бошковска
м-р Мирјанче Милошевска
Рајмонда Незири

Лектор: Александар Здравевски
Дизајн и техничко уредување: ДПТУ “СТУДЕНТСКИ СЕРВИС“ ДОО Скопје
Година на издавање - 2025
Место на издавање - Скопје
Електронско издание

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски",
Скопје

373.3.016:78(035)=163.3

ВЕЉАНОСКА, Павлинка
Прирачник по Музичко образование за петто одделение
[Електронски извор] / Павлинка Вељаноска. - Скопје : Биро за развој
на образованието,
2025

Начин на пристапување (URL): https://www.bro.gov.mk/mo5/. - Текст во
ПДФ формат, 160 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис
на изворот на ден 31.12.2025

ISBN 978-608-206-227-3

COBISS.MK-ID 67862789

м-р Павлинка Вељаноска

# ПРИРАЧНИК

по

## Музичко образование

за петто одделение



# СОДРЖИНА


Предговор------6
Вовед...... 7
**Тема *Слушамемузика*------8**
Виножито од музика ------ 11
Харфа------14
Мандолина ------ 16
Труба ------19
Зурла ------22
Канон ------25
Активности за утврдување на музичките инструменти ------28
По трагите на една песна------29
Со песна и игра заедно да растеме------33
Музичко патување ------36
Балет ------39
Мјузикл------42
Музика за анимирани филмови...... 45
Филмска музика------ 48
Популарна музика ------ 51
Триделна песна------55
Дур и мол ------58
**Тема *Пееме, свиримеи играме*------ 61**
Траење на тоновите и паузите ------63
Двочетвртински такт ------68
Тричетвртински такт------ 71
Тонска скала ------73
Елементи на тонската скала------76
Пееме и играме (песни со ноти)------80
Пееме и играме (песни по слух)------87
Свирење на детски музички инструменти ------90
Еколошки оркестар------94
Музика и движење------96
Музички игри------ 98
Музички игри------100
***Прилози* ......102**
Превод на песните на албански јазик ------ 103
Превод на песните на турски јазик------107
Превод на песните на српски јазик------ 111
Превод на песните на босански јазик------ 115

РАСТЕМЕ СО МУЗИКА 5 ..... 119
Материјали за учење по Музичко образование ..... 120
м-р Павлинка Вељаноска ..... 121
ВИНОЖИТО ОД МУЗИКА ..... 122
ХАРФА ..... 124
МАНДОЛИНА ..... 126
ТРУБА ..... 128
ЗУРЛА ..... 130
КАНОН ..... 132
УТВРДУВАЊЕ НА ИЗУЧЕНИТЕИНСТРУМЕНТИ ..... 134
ПО ТРАГИТЕ НА ЕДНА ПЕСНА ..... 135
СО ИГРА И ПЕСНА ЗАЕДНО ДА РАСТЕМЕ ..... 137
МУЗИЧКО ПАТУВАЊЕ ..... 139
Шпанија ..... 140
Африка ..... 140
Индија ..... 140
БАЛЕТ ..... 141
МЈУЗИКЛ ..... 143
МУЗИКАТА ВО АНИМИРАНИТЕ ФИЛМОВИ ..... 145
ФИЛМСКА МУЗИКА ..... 147
ПОПУЛАРНА МУЗИКА ..... 149
ТРИДЕЛНА ФОРМА ..... 151
ДУР МОЛ ..... 153

Содржините во Прирачникот за наставници се креирани според Наставната програма за предметот Музичко образование за петто одделение (2021 год.). Дадени се предлог содржини, како наставникот да го организира и реализира часот, со можност за дополнување и прилагодување на активностите, зависно од потребите, можностите и интересите на учениците.
Покрај Прирачникот за наставници, дополнителна содржина се Материјалите за учење, кои се наменети за самостојно учење на учениците. Тие можат да се користат и за домашна задача, според насоки на наставникот. Содржат основни информации за содржините, кои треба да ги усвојат учениците, звучни примери и дополнителни информации, кои ќе ја развијат љубопитноста на учениците и ќе ги поттикнат за усвојување на повисоки нивоа на знаење. Исто така, има и задачи кои учениците ќе можат самостојно да ги реализираат, но можат да послужат и како наставни листови за работа на час.
Сите овие материјали и упатства ќе придонесат за успешно планирање и реализација на наставата по предметот Музичко образование.

# Вовед

Музиката несомнено има големо влијание на човекот, на неговиот уметнички и културен развој. Таа може да допре до најдлабоките чувства и да ја надпополни потребата на индивидуата за креативен израз. Во текот на основното образование, на учениците им се приближува уметничката музика и на тој начин, се влијае за развој на музичкиот вкус и разбирање на уметноста и културата. Со дигитализација на општеството, учениците имаат многу поголема можност да бидат постојано во контакт со музиката. Затоа е потребно, да имаат основни знаења од оваа област, да изградат критеиуми и како општа цел на предметот Музичко образование, да бидат слушатели и љубители на добрата музика.

Предметот Музичко образование во петто одделение е задолжителен. Годишниот број на часови е 36, еднаш неделно. Во наставната програма се застапени темите Слушаме музика со 18 часа неделно и Пееме, свириме и играме со 18 часа неделно. За секоја од темите, во Прирачникот се дадени предлог активности кои можат да се реализираат или надополнат при планирањето на наставникот. Сите содржини ги следат голем број на аудио и видео примери со предлог линкови, надополнети со QR кодови за попрактична примена на истите. Предложените активности можат да се комбинираат, затоа што двете теми се интегрирани и постои можност за интегрирање на содржините. Но, исто така постои можност за интегрирање на содржините со другите наставни предмети, што е наведено во секоја предложена содржина.

Во рамките на Сценарио за час, предложени се активности кои ги следат основните три целини на часот: Воведен дел -активирање на знаењата, Главен дел- искуствено знаење и Завршен дел - извлекување заклучок. Обрнато е внимание и за временската рамка за изведување на овие активности.

За успешно планирање и реализација на активностите, потребна е подготовка на наставникот, која опфаќа детално разгледување на предложените содржини и активности, нивно прилагодување на условите за работа и составот на паралелката. Потребно е и повеќекратно преслушување на звучните примери, увежбување на придружба на инструмент и обезбедување материјали за работа. Сите овие активности во делот на подготовка ќе придонаесат успешна реализација на предвидените содржини.

# тема: Слушаме музика



# 1.Тема Слушаме музика

Интегрираниот наставен модел по предметот Музичко образование, опфаќа две теми кои се надополнуваат. Во темата Слушаме музика има елементи на интеграција на содржини од музичка писменост, музички форми, музичко-сценски дела, популарна музика, музички фолклор. Преку слушање музика, како доминантна наставна активност се усвојуваат знаења, кои се предвидени според наставната програма. Со активно слушање, учениците се запознаваат со бројни уметнички композиции и развиваат позитивен став кон уметноста. Исто така, се развиваат критериуми за вреднување на музиката, како и способност за искажување на сопствените доживувања. Како главна цел за целиот образовен период во основното образование е да се приближи уметничката, народната и популарната музика на учениците. Со повеќекратно слушање, таа станува се позанимлива.
Од посебно значење е методскиот пристап на наставникот и начинот на мотивирање на учениците за активно слушање, како и запознавање со естетските вредности во музиката. Дидактички и методски добро осмислен час, со пријатна атмосфера во наставата, е начинот како да се изградат активни слушатели и да се дојде до конечната цел, создавање на компетентни познавачи на музичката уметност.
За да бидат часовите по слушање музика поуспешни, ученикот мора да биде во средиштето на часот, односно, на ученикот да се гледа како личност, прифаќање на неговите интереси и потреби, што овозможува квалитетно образование, не само за стекнување на знаења и вештини, туку и развивање на индивидуалноста на ученикот, поттикнување на практична работа, примена на усвоеното знаење и самопроверка на знаењето.

### 2.Што значи активно слушање на музика?

Слушањето музика може да биде активно и пасивно. Пасивното слушање подразбира слушање музика во позадина додека се работи нешто друго (не ја става музиката во прв план). Иако е пасивно, тоа покренува бројни физиолошки процеси во телото кои се јавуваат како одговор на слушното поддржување. Активното слушање музика е насочено кон музиката и нејзините елементи. Во наставата, слушањето музика секогаш треба да биде активно. Кон него се пристапува концентрирано, со аналитичко следење на сите сегменти и воочување на истите. Психолошките истражувања укажуваат дека за запознавање со музиката и музичките дела, потребно е повеќекратно слушање и добар методски пристап од страна на наставникот. После секое слушање, треба да следи разговор со кој е потребно учениците да вербализираат за се што е слушнато и со нови задачи да го надоградуваат своето музичко знаење. Методските пристапи се многу битни, но, не треба да се занемари и вклученоста на емоционалната компонента во наставниот процес. Со оглед на големиот број на истражувања кои укажуваат за придобивките од слушање музика за когнитивните функции кај ученикот, освен на музичко образование, учениците треба да слушаат музика и на другите часови.

За да се поттикне активното слушање на музика во наставата, потребно е делото да се слуша внимателно и да се презентира методски и дидактички исправно. Подоготовката за слушање музика треба да биде насочена кон музичкото дело, што ќе биде главен услов, учениците да ја доживеат композицијата и преку неа да научат. Препуштање на ученикот на непосредно влијание на музиката, без вистинска насока е погрешен начин, затоа што спонтано доживување на музичкото дело не е возможно. Заради тоа и заради многу други причини, во музичката педагогија се наметнува прашањето како да се мотивира ученикот за активно слушање музика. Основни принципи се: создавање на амбиент за слушање, задавање на задачи пред да се слуша делото, како што се, воочување на изведувачи, темпо, динамика, ритам, тема, јазик, композитор, назив на делото и сл.

Најпрво, наставникот ги запознава учениците кое дело ќе го слушаат. Дава насоки, на што треба учениците да обрнат внимание. После тоа, се слуша делото. Доколку делото се слуша фрагментарно, при крајот треба да се намали звукот постепено. После завршувањето на делото, следи мала пауза, неколку секунди тишина, за да се средат впечатоците за одредени емоции кои ги предизвикало делото. Методски е исправно, прашањата да бидат како дискусија, да се наополнуваат одговорите. Битно е секој ученик да е вклучен во дискусијата. Тоа ќе му помогне на ученикот за самодоверба и желбата за напредок.

Во дискусијата за делото, многу е битно која содржина треба да се усвои. Учениците веднаш можат да го забележат видот на музика, жанрот, темпо и динамика. Се кажува наслов на делото и композиторот со цело име и презиме.

Ако се работи за музички форми, делото треба да се слушне неколку пати. Најпрво, да се воочи целата структура на делото. Потоа, деловите се одбележуваат со симболи или букви. Третото слушање е уште еднаш да се утврди самата форма.

Музичко-сценските дела се запознаваат со гледање на видео примери и слушање, а после тоа се решаваат зададените задачи кои треба подетално да го утврдат делото.

Темата *Слушаме музика* во петто одделение е опфатена со 18 часа.

Резултати од учењето од оваа тема се следните:

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. препознава музички инструменти (харфа, мандолина, труба) и аудитивно да ги идентификува во различни инструментални состави;
2. разликува вокално-инструментални, инструментални и вокални групи и состави од различни музички стилови и жанрови;
3. издвојува и идентификува музички изразни средства и да го објаснува нивното влијание врз карактерот на слушаната музика;
4. препознава народни песни, игри и инструменти (канон, зурла) на етничките заедници кои живеат во РС Македонија, соседните народи и некои народи во светот.

# ВИНОЖИТО ОД МУЗИКА

**Содржина:** Видови музика

**Поими:** класична музика, музика за деца, детски песни, поп-музика

**Стандарди:** Препознава и именува најмалку две композиции од различни жанрови, а кај класичната музика ги именува и композиторите; интификува вокални, инструментални и вокално-инструментални состави.

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1**
Наставникот дава насоки за техниката петоред на тема МУЗИКА. Во првиот ред е насловот, односно поимот музика. Во вториот ред се запишуваат две придавки како опис на насловот. Во третиот ред се запишуваат три глаголи кои искажуваат дејство поврзано со насловот. Во четвртиот ред се запишува фраза од четири зборови. Во последниот ред се запишува еден збор, синоним на насловот, односно, повторен приказ на суштината. При реализација на оваа техника, наставникот ги поттикнува и мотивира учениците да даваат свои предлози.

Наставникот ги поттикнува учениците да дискутираат колку музиката им значи во нивниот живот, колку често слушаат музика, каква музика слушаат. Им дели стикери во боја и ги насочува, секој да напише по една реченица за музиката. Стикерите се лепат на табла, а секој ученик го чита напишаното.

*Главни активности -искуствено учење:*




Музиката може да се **пее** да се **свири** или истовремено да се пее и да се свири. Музиката што се изведува со човечки гласови се нарекува **вокална**. Ако музиката се изведува со инструменти, се нарекува **инструментална**. Ако се пее и се придружува со инструменти, се нарекува **вокално-инструментална**.




Наставникот објаснува дека без разлика дали музиката се изведува со инструмент или се пее, таа може да се изведува само со еден изведувач (соло), неколку изведувачи, односно помали состави (камерна музика) и поголеми состави (хор или оркестар). Ваквите состави можат да изведуваат различни стилови на музика и тоа: класична, популарна и народна музика, детски песни. Исто така, сите композиции можат да имаат и различни преработки, односно една композиција да се свири во различни жанрови.

Потоа, наставникот дава насоки на учениците да го проследат звучниот пример и да обрнат внимание на сите сегменти за кои претходно се зборуваше.



***Вивалди: Лето - 3. став, виолина и оркестар***
https://www.youtube.com/watch?v=nJTfG1MmMwQ

Наставникот има претходно составени прашања, напишани на ливчиња, ставени во кошничка. Учениците земаат ливче и одговараат: Кој ја изведува композицијата? Каков жанр е композицијата? Дали има еден солистички инструмент? Во кое темпо е композицијата? Опиши го карактерот на композицијата. Дали композицијата е вокална или инструментална? Дали има високи или длабоки тонови? Каква е динамиката во композицијата?

Наставникот дава насоки за следниот звучен пример, рок преработка на композицијата Лето од циклусот Годишни времиња од А.Вивалди. Им објаснува на учениците дека рок музиката е стил во популарната музика, но, понекогаш има и класични композиции во рок обработки.



***Вивалди: Лето - 3. став, рок обработка***
https://youtu.be/fTFDpgHeDEE

По проследување на звучниот пример, наставникот ги поттикнува учениците на дискусија: Како ви се допадна преработката на композицијата? Со кои инструменти е исполнета? По што се разликува од оригиналната композиција? Дали мелодијата, формата и метарот се исти? Што е сменето? Која изведба ви се допадна повеќе? Зошто?

Наставникот им објаснува на учениците дека многу често има различни преработки на народна музика, посебно во џез и поп стил. Народните песни се најубави во својата изворна верзија, но, и преработките имаат своја убавина. Го објаснува следниот пример кој е ромска народна песна, преработена за солисти, симфониски оркестар и детски хор.

***Hej romale – Koncert ke Dni studenstva 2014, ромска музика со симфониски оркестар, хор.***
https://www.youtube.com/watch?v=HFx6JRTpPGE

Наставникот ги поттикнува учениците да го објаснат карактерот на композицијата. Какви чувства побудува композицијата кај учениците? Кој ја изведува композицијата?

Наставникот ги прашува учениците каква музика се изведува со детски гласови? Најчест одговор е дека тоа се детски песни. Наставникот потврдува, и на кратко се води дискусија за детските песни, за нивната содржина, мелодија (за случки од секојдневниот живот, весела мелодија и ритам и сл.)
Но, наставникот им посочува на учениците дека со детски гласови можат да се изведуваат и други музички жанрови (народни песни, класична музика, популарни песни).

Наставникот ги насочува учениците кон следниот звучен пример, песна од поп пејачката Шакира која е преработена за детски хор.

***Shakira: Try everything – One voice children choir (детски хор)***
https://www.youtube.com/watch?v=tupHY8CCZXs

По проследувањето на примерот, наставникот развива дискусија со учениците: Дали ви се допадна? Кој ја изведува композицијата? Дали има придружба? Дали има солисти?

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 2**
Наставникот ги насочува учениците да ја пополнат табелата во материјалите за учење (или претходно изготвува работни листови). Пушта неколку звучни примери од различни жанри и состави. Учениците треба да ја пополнат табелата и да го применат стекнатото знаење од овој час.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи со соодветна содржина.

**Меѓупредметна интеграција:** англиски јазик.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности.

# ХАРФА

**Содржина:** Музички инструменти и гласови

**Поими:** музички инструменти - харфа

**Стандарди:** Препознава харфа визуелно и звучно.

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

***Сценарио за час***

**Активност 1:**
Наставникот ги насочува учениците кон техниката Бура на идеи. Учениците треба да наведат инструменти кои се изучени претходно или други инструменти кои ги знаат. Се запишуваат инструментите на табла, а потоа со различни бои се групираат во множества: дувачки, жичени и ударни инструменти. Наставникот ги поттикнува учениците да ги наведат општите карактеристики на инструментите во секоја група.

***Главни активности***
***искуствено учење:***



***Дебиси ,,Месечевата светлина”***
https://www.youtube.com/watch?v=vVTPbLhlbfI

Откако учениците ќе го проследат видеото, наставникот поставува прашања и ги поттикнува учениците да го опишат инструментот харфа.

- Дали знаете како се вика инструментот?
- Во која група на инструменти спаѓа?
- Ајде да го опишеме!
- Каква форма има?
- На кој начин се свири?
- Дали приметивте дека има и педали?
- Како би го опишале звукот на харфата (продорен, нежен, тивок, гласен и сл.)



Харфата е жичен трзачки инструмент. Тонот се добива со трзање на жиците. Има форма на триаголник. Харфата ги има следните делови: постамент, мост, резонантно тело, врат и чивии. Вертикално се поставени 46 или 48 жици на кои се свири со прстите од двете раце. Секоја жица C (до) е црвена, а секоја F (фа) е сина, што ја олеснува ориентацијата на изведувачот при свирењето. Харфата има 7 педали, за секој основен тон по една, кои ги затегнуваат или ги опуштаат жиците а со тоа се добива повиоки и пониски тонови за полустепен.

Наставникот го најавува следниот звучен пример, кој е извадок од анимираниот филм ,,Убавицата и ѕверот”. Иако, оригиналната композиција е вокално-инструментална, овој пример е соло - инструментална изведба за харфа.



*Тема од музиката од анимираниот филм ,,Убавицата и ѕверот”*
https://youtu.be/cS5d2wD8OoI

*Завршни активности -извлекување заклучок:*

**Активност 2:** ***Музичка математика***
Наставникот ги поттикнува учениците да ги интегрираат и применат стекнатите знаења од сите предмети. Затоа ги поставува следните музичко-математички задачи.
Задача 1. Харфата има 46 жици. Секоја жица со тонот ДО (C) е црвена, а секоја жица со тонот ФА (F) е сина. Колку црвени, сини и обични жици има харфата?
Задача 2. Опиши ја формата на харфата користејќи математички поими (форма, агли, висина, теме и др.)

**Активност 3:** ***Фрли ја коцката***
Наставникот изработува коцка од картон и на секоја страна има по едно прашање за содржината од овој час. Секој ученик ја фрла коцката, го чита прашањето и го одговара. Прашањата се повторуваат повеќе пати за подобро да се усвои содржината.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи со соодветна содржина.

**Меѓупредметна интеграција:** математика

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# МАНДОЛИНА

**Содржина:** Музички инструменти и гласови

**Поими:** музички инструменти - мандолина

**Стандарди:** Препознава мандолина, визуелно и звучно

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1. (Превртена училница):**
Наставникот, претходниот час, им задава на учениците домашна задача, со тоа што, споделува линк со изведба на мандолина и ги задава следните насоки.
Обрнете внимание на:

- формата на мандолината
- начинот на свирење
- звукот

На почетокот на часот учениците разговараат за домашната задача, односно ги изнесуваат своите сознанија. Наставникот и учениците ги дефинираат формата, начинот на свирење и звукот на мандолината.

*Главни активности -искуствено учење:*



Мандолината е жичен трзачки инструмент (италијански mandolino-мал бадем), кој се појавил во Италија во 16 век. Набргу, станал популарен инструмент во фолклорот на многу земји.
Мандолината има тело, врат и глава каде што се чивиите за жиците со кои се штима инструментот. Има вкупно 8 жици. Тие се групирани по две и се штимаат на ист тон. Тонот се добива со повлекување на двете жици одеднаш, со трзалка, со брзо движење на десната рака нагоре-надолу. Металните жици произведуваат јасен, ѕвонлив и милозвучен звук.
Овој инструмент може да биде солистички, камерен и оркестарски. Освен во фолклорот, се применува и во класичната музика и во училишните оркестри.

Наставникот ги насочува учениците да го проследат звучниот пример, притоа да внимаваат кој го изведува делото, дали има солисти, во кое темпо е, каков е карактерот на делото. Им го кажува насловот на делото и композиторот.

*Вивалди-Лето, 3 став*
https://www.youtube.com/watch?v=P2LNOKEJzmM

Наставникот поставува прашања за слушаната композиција:
Во кое темпо е композицијата?
Со кои инструменти е изведена?
Дали е класична, забавна или народна музика?
Каков е карактерот на композицијата?
Кој е солистички инструмент во композицијата?
Како си го замисливте летото според музиката? (Учениците можат да одговорат усно или да нацртаат цртеж).

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 2:**
Наставникот им дава насоки на учениците за активност - рефлексија на часот. Учениците треба да напишат 5 реченици за да објаснат што научија овој час. Ограничувањата на текстот можат да бидат и со букви или зборови (објасни со 15 зборови што учевме денес, напиши твит од 140 знаци што научи денес и сл.).

**Активност 3:**
Доколку во училиштето има мандолински оркестар, наставникот може да организира изведба или пак да обезбеди мандолина за учениците да можат да ја воочат формата и да пробаат да свират на неа.

Наставникот им објаснува на учениците дека мандолината е застапена во изведба на италијанските неаполитански традиционални песни. На крајот од часот учениците ја слушаат инструменталната верзија на најпознатата неаполитанска песна ,,Санта Лучија”. На видеото може и одблизу да се види начинот на свирење на мандолина.



*Санта Лучија*
https://youtu.be/vo8JYCqHozI

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видеозаписи, аудио и видео записи со соодветна содржина.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, информатика.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# ТРУБА

**Содржина:** Музички инструменти и гласови

**Поими:** музички инструменти - труба

**Стандарди:** Препознава труба, визуелно и звучно.

*Воведни активности*
*-активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1:**
Наставникот презетира снимка од Триумфален марш - Џ.Верди и ги поттикнуваучениците да се присетат на содржините од претходно (марш). Учениците чекорат во ритамот на марш. Наставникот ја прекинува музиката неочекувано, сите треба да застанат. Наставникот подава сунѓересто топче кон еден ученик и поставува прашање: Опиши го карактерот на композицијата. Ученикот одговара. Музиката продолжува, учениците маршираат. На ист начин се поставуваат повеќе прашања: Дали композицијата е вокална, инструментална или вокално-инструментална? Во кое темпо и динамика е? Кои инструменти ја изведуваат? Кој инструмент ја свири главната мелодија?

*Џ.Верди: Триумфален марш од операта Аида*
*https://youtu.be/x7LoCOWvbdU*

*Главни активности*
*-искуствено учење:*



Трубата е метален дувачки инструмент. Се состои од цилиндрична цевка, која завршува во форма на инка. Усникот, во кој се вдувнува воздух, има форма на метална чашка. Се свири со помош на три вентили и посебна техника на вдувнување на воздух. Трубата исполнува класична, забавна, џез и народна музика. Може да биде оркестарски, камерен и соло инструмент.

Звучен пример: *Астор Пјацола – Либертанго*
https://youtu.be/h8cNnxLsvdk



Наставникот поставува прашања за слушаното дело:
Каков карактер има оваа композиција?
Дали е поразличен карактерот од претходната композиција?
Дали оваа композиција е класична, народна или забавна (можност за дискусија)?

***Забелешка***: Многу често, кај нас, инструментите се делат на машки и женски. Но, има многу познати трубачки во светот. Секој може да свири труба доколку ја усоврши правилната техника на свирење без разлика на пол и возраст.



***Јохан Хумел - Рондо од Концерт за труба во Е-дур***
https://www.youtube.com/watch?v=B1eyZAedhY4

Наставникот им објаснува на учениците дека трубата може да биде солистички, камерен и оркестарски инструмент. Покрај класична музика, на трубата може да се изведуваат и други жанрови (народна, џез, популарна, филмска музика и сл.).
Се слушаат фрагменти од различни жанрови.

https://youtu.be/f_4YJL3hRa8 Иљас Невретдинов - труба (10 год.) Тема од филмот ,,Свој мегу туѓите, туѓ мегу своите” (филмска музика)

https://youtu.be/4WPCBieSESI Луис Армстронг - Запад и блуз (џез музика)

https://youtu.be/LQTwTyc-yi8 Џамбо Агушеви оркестар -Кучека Романиа (народна музика)

https://youtu.be/AFsObmomVFA - Деспасито (популарна музика)

По преслушувањето на фрагменти од звучните примери, наставникот со прашања ги поттикнува учениците на дискусија.
- Кој жанр најмногу ви се допадна?
- Кога трубата звучеше највесело?
- Дали трубата може да свири во различна динамика?
- Дали трубата може да свири високо и ниско?

*Завршни активности*
*-извлекување заклучок:*

**Активност 2.**
Наставникот ги насочува учениците кон активноста за утврдување на знаењето. Има подготвено точни и неточни искази за содржините од овој час. (на пр. Трубата е жичен инструмент. Точно или неточно?). Учениците одговараат со кревање на соодветно ливче (да/не). По секој неточен одговор, учениците го кажуваат точниот одговор.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи со соодветна содржина.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, англиски јазик, информатика

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# ЗУРЛА

**Содржина:** Народно музичко творештво

**Поими:** народни песни, игри, зурла.

**Стандарди:** Препознава зурла, визуелно и звучно.

*Воведни активности*
*-активирање на предзнаењата::*

*Сценарио за час*

**Активност 1:**
Наставникот црта 5 квадратчиња на табла и ги насочува учениците да погодуваат букви во зборот, односно, заеднички да се открие со кој инструмент ќе се запознаат на часот. За секоја погодена буква се добива цветче од хартија, а за непогодена буква, лист. Откако ќе се добие зборот се украсува со цветови и листови (варијации на играта бесилка). Така учениците заедно доаѓаат до поимот ЗУРЛА.

**Активност 2:**
Наставникот црта ЗСУ табела (знам, сакам да знам, учам). Во првата колона (Знам), учениците кажуваат што знаат за зурлата, а наставникот впишува. Во втората колона (Сакам да знам), учениците поставуваат прашања, што сакат да научат. Во третата колона (Учам), на крајот од часот, се дополнуваат сите нови знаења. Оваа техника може да се работи заедно или секој ученик посебно, како работен лист.

*Главни активности*
*-искуствено учење:*

Наставникот одговара на прашањата на учениците од втората колона и дополнува со други информации за зурлата.



Зурлата е македонски народен инструмент. Изработен е од црешово или сливово дрво. Формата претставува конусна цевка на која има 7 отвори од горната и еден од долната страна, како и издувни отвори во долниот дел. Делот во кој се вдувнува воздух е трска (славец) со диск (медник).
Зурлата има гласен и продорен тон. Речиси секогаш е придружувана од тапани, а најчеста комбинација е две зурли и тапан.



***Тешкото -народно оро во изведба на Танец***
https://www.youtube.com/watch?v=3h3BI4SotcI

**Активност 3:**
Откако учениците ќе го ислушаат звучниот пример, наставникот ги поттикнува да ги искажат своите чувства и доживувања.
Наставникот им објаснува на учениците дека инструментите зурла и тапан се спомнати во песната ,,Тешкото" од Блаже Конески. Наставникот ја чита песната. Потоа, се разговара за впечатоците и за мотивот на песната. Наставникот раскажува за моментите на разделба од семејството и заминувањето на печалба, кога се играло орото ,,Тешкото".

Зурлата се среќава и во фолклорот на други народи во регионот и пошироко. Карактеристичен е за фолклорот на народите кои што живеат во нашата земја, посебно во ромскиот, турскиот и албанскиот фолклор.

***Документарен филм за изработка и свирење на зурла***
https://www.youtube.com/watch?v=XxcDirxMKG8

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 4:**
Наставникот додава сунѓересто топче на еден ученик и поставува прашање: Со кој инструмент се запознавме денес? Ученикот одговара. Смислува ново прашање и го подава топчето на друг ученик по свој избор. Играта продолжува додека има прашања. (Кој звучен пример го слушавме? Опиши ја зурлата. Каков е звукот на зурлата? и сл.). На овој начин се прави рефлексија на часот, но и се учи вештината за поставување на соодветни прашања. Исто така се пополнува последната колона од табелата ЗСУ.

***Дополнителни звучни примери (по избор на наставникот):***
https://www.youtube.com/watch?v=iQ_cNxCF5Tg – Македонско оро на зурла, Гоце Димовски.
https://www.youtube.com/watch?v=86EneC87YXg – Распукала Шар Планина - Мајовци.
https://www.youtube.com/watch?v=AGYGxHJnVqA – Џељо Дестановски – Дестановска ризница.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи, дводимензионални отпечатоци – непроектирани, листови хартија,хамер.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# КАНОН

**Содржина:** Народно музичко творештво

**Поими:** народни песни, игри, канон

**Стандарди:** Препознава канон, визуелно и звучно.

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1:**
Наставникот подготвува игра на меморија, со карти или во дигитална форма, каде што се групираат две исти слики на кои се претставени народни инструменти. Откако учениците ќе го спојат паротот, треба да го именуваат и накратко да дадат неколку информации за инструментот. Во предложените инструменти за играта на меморија е и канонот, а бидејќи учениците прв пат се среќаваат со него, се поттикнуваат да го опишат. Потоа се презентира звучен пример.

***Старо чалгиско оро, вовед со канон и учество на кларинет, тарабука, ут, виолина.***
*https://www.youtube.com/watch?v=UncbrHqiy3E*

*Главни активности -искуствено учење:*

По проследувањето на звучниот пример, наставникот објаснува за инструментот канон, користејќи нагледни средства (слики или презентација)



Канон (канун) е жичен народен инструмент кој се среќава во фолклорот на повеќе народи. Има трапезоидна форма и најчесто е изработен од јаворово или слививо дрво. На основната подлога (корпус) оптегнати се од 24 до 27 жици кои се групирани по три (наштимани унисоно). Се свири со прстите од двете раце на кои се ставаат метални напрстоци со кои се трзаат жиците.

Наставникот го најавува следниот звучен пример, обнародена песна, обработена во инструментална верзија.

*Ако одам во Битола, инструментална музика, канон, синтисајзер, кларинет*.
https://www.youtube.com/watch?v=C7efPWzQ-m0

Откако ќе се проследи звучниот пример, наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за инструментот канон со следните прашања:
Опишете го звукот на канонот со три придавки.
Дали звукот на канонот е сличен со звукот на мандолината и харфата? Зошто?
Кои се сличности и разлики помеѓу тамбура и канон?
Од сите изучени жичени инструменти, кој инструмент има најголем а кој најмал број на жици?
Кој е твојот омилен жичен инструмент на кој сакаш да свириш? Зошто?

Наставникот им објаснува на учениците дека канонот се среќава во фолклорот на многу народи. Го најавува звучниот пример, изведба на турска народна музика.

*Aytaç Doğan - Kanun (турска музика)*
https://www.youtube.com/watch?v=VS3LafxrMIs

*Завршни активности*
*-извлекување заклучок:*

**Активност 2 (Снежна бура):**
Наставникот дава насоки за активноста за утврдување на знаењето. Секој ученик запишува на лист хартија, што научил на овој час. Потоа, листот се гужва и се прави како топка. На даден знак, топките се фрлаат во воздух. Секој ученик зема нечија топка и ја чита. Постапката се повторува неколку пати. Така учениците го разменуваат меѓусебно стекнатото знаење од часот.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи со соодветна содржина, дводимензионални отпечатоци – непроектирани, листови хартија, хамер.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, информатика.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# АКТИВНОСТИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИНСТРУМЕНТИТЕ

Наставникот ги насочува учениците за активностите, со кои ќе се утврдат изучените инструменти

***Активност бр.1 Кој инструмент сум јас?***
Активноста се изведува во парови. На едниот ученик му се залепува стикер, без да го види запишаноста, со назив за инструмент. Тој поставува прашања на другиот ученик за да открие кој инструмент е напишан. Другиот ученик одговара со да и не. Активноста може да ја изведуваат сите ученици, истовремено, поделени во парови, за да се види, кој ученик ќе одговори најбрзо. Исто така, активноста може да ја изведува само еден пар а другите ученици да следат. За оваа активност е потребно учениците да се научат суштински да поставуваат прашања за да дојдат побрзо до одговорот.

***Активност бр.2 Игра - пантомима***
Наставникот подготвува звучен пример со фрагменти од изучените инструменти. Учениците го препознаваат звукот и со пантомима го објаснуваат начинот на кој се свири. Наставникот подава сунѓересто топче до еден ученик кој треба да го именува инструментот.

***Активност бр.3 Асоцијации***
Наставникот изработува пано за асоцијации (на хамер или во дигитална форма). Учениците се делат во две групи отвараат полиња и ги погодуваат поимите.

| | А | Б | В |
|---|---|---|---|
| | 46 жици | метал | 8 жици |
| | триаголник | вентили | корпус |
| | педали | воздух | бадем |
| (одговор) | харфа | труба | мандолина |
| (конечен одговор) | музички инструменти | | |

# ПО ТРАГИТЕ НА ЕДНА ПЕСНА

**Содржина:** Народно музичко творештво / Музички изразни средства

**Поими:** мелодија, ритам, метар, темпо, динамика, високи/ниски тонови, легато/стакато, карактер на музиката

**Стандарди:** Го опишува карактерот на слушаното дело и го поврзува со музички изразни средства преку кои е постигнат

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1:**
Наставникот ги насочува учениците кон воведната активност - техника ПРИЗМА на тема НАРОДНА ПЕСНА. Ги поттикнува учениците да даваат предлози, а притоа се повторува стекнатото знаење од претходно и општите информации кои ги имаат учениците. Најпрво се запишува основниот поим (народна песна). Од учениците се бара да напишат два збора како асоцијација на клучниот збор. Истата постапка се повторува на секој нов добиен збор. Овој процес продолжува уште еднаш. Потоа следува синтеза, односно, секој нов ред е спојување на два поими во еден. Постапката продолжува со ист број на редови како разгранувањето. Од последните две асоцијации се стигнува до еден збор кој се поврзува со клучниот збор.

Наставникот развива дискусија со учениците, во врска со зборовите - асоцијации во техниката. Притоа, се повторува усвоеното знаење од претходно, во врска со народните песни.

*Главни активности -искуствено учење:*



Народните песни претставуваат дел од богатото културно наследство на народот. Тие се пренесувале по пат на усно предание. Нивниот автор е непознат (анонимен), но, при пренесувањето од колено на колено, се надополнувале, се менувале, па затоа има повеќе варијанти на една песна и се смета дека автор е народот. Според соржината, можат да бидат љубовни, родољубиви, трудови, хумористични, во нив да се пее за историското минато и сл.

Наставникот објаснува дека народната песна е инспирација за многу современи изведувачи и композитори. Тие ја обработуваат и ја изведуваат на свој начин, секогаш задржувајќи ја нејзината убавина. Ова е начин, народната песна да се популаризира, односно да допре до поголем број на слушатели.

Наставникот им објаснува на учениците дека во повеќето народни песни се опејува вистински настан или се пее за некоја личност. Истакнува неколку наслови на народни песни и накратко објаснува за што се пее во песната. Ги насочува учениците кон слушање музика и ја најавува, една од најпознатите песни во македонската народна музика ,,Калеш бре Анѓо”. Го чита текстот на песната. Потоа, ја објаснува содржината.



Тоа е приказна за отомански великодостојник кој ѝ свири и пее серенада со тамбура на младата црномурна македонска девојка Анѓа (изведено име од Ангелина). Тој бара таа да се мажи за него и ѝ ветува богат и лесен живот со многу жолтици и бисери само да ја смени верата и да стане анама во неговиот харем. Девојката гордо и пркосно ги одбива неговите понуди велејќи дека нема да стане анама. Усното предание говори дека песната се заснова на вистински, историски настан во регионот Мариово, поточно во селото Старавина. Инспириран од оваа приказна, писателот Стале Попов во 1958 година го напишал романот Калеш Анѓа

*Виолета Томовска и Кирил Манчевски – Калеш бре Анѓо*
https://www.youtube.com/watch?v=3GmipRk3fYE

По проследување на звучниот пример, наставникот ги поттикнува учениците на дискусија. Како им се допадна песната? Во кое темпо е песната? (им дообјаснува дека ова е темпо рубато - разлеано, бавно, ритмичка слобода во изведувањето). Од какви гласови е изведена композицијата? (дообјаснува накратко за народните пејачи Виолета Томовска и Кирил Манчевски). Каква е придружбата на песната?

По дискусијата, наставникот им објаснува на учениците дека оваа песна има многу преработки и ги насочува учениците кон останатите звучни примери кои можат да се слушаат целосно или како фрагменти за споредување на изведувачкиот манир, инструментите и други карактеристики на жанровите.

Наставникот ја најавува следната изведба на песната ,,Калеш Анѓо”. Им посочува на учениците дека оваа народна песна била инспирација за композиторот Стефан Гајдов да напише хорска композиција, односно, да ја обработи песната за хор.

*Мешовит камерен хор ,,Хераклеа” диригент Јасмина Ѓорѓеска*
https://www.youtube.com/watch?v=nSeRaYC0cLI

По проследувањето на примерот, наставникот поставува прашања на учениците. Каков хор ја изведува композицијата? Спореди ја првата и втората изведба.
Наставникот го најавува следниот звучен пример и ги насочува учениците да воочат кој учествува во изведба на песната.

*Руски државен симфониски кино оркестар, хор, солист - Мари-Ен Измајлов*
https://www.youtube.com/watch?v=aGamGhv5H0I

По завршувањето на видеото, учениците, поттикнати од наставникот, ги коментираат изведувачите, начинот на изведба и разликите во изведбата со претходните примери. Наставникот посочува дека и странски пејачи и музички состави ја пеат оваа песна како што е претходниот и следниот пример.

*Јадранка Стојаковиќ: Ајде слушај, слушај калеш Анѓо*
https://www.youtube.com/watch?v=WqDQaGSpJF4

Се коментира звучниот пример од страна на учениците. Наставникот го најавува следниот пример и им објаснува на учениците дека понекогаш народните песни се изведуваат само со инструменти, односно, инструментална изведба. Ги насочува учениците да воочат кои инструменти ја изведуваат песната.

*Инструментална изведба (кавал со тамбура)*
https://www.youtube.com/watch?v=5R33hzaFhPw

Учениците го коментираат звучниот пример и ги воочуваат инструментите. Наставникот им ги најавува следните два примери и ги насочува учениците дека сами треба да го објаснат начинот на интерпретација и изведувачите.

*Никола Бадев и Есма Реџепова*
https://www.youtube.com/watch?v=LmyQB8-zrnQ

*Дуке Бојаџиев, Каролина, Тања Царовска, Влатко Стефановски (снимка од концерт)*
https://www.youtube.com/watch?v=cO6EuYI3h80

По завршувањето на двете изведби, од страна на учениците се коментираат изведувачите, начинот на интерпретација, придружбата.

*Завршни активности -извлекување заклучок:*

На крајот од часот се прави заклучок за ситеислушани звучни примери, односно, на колку начини беше изведена оваа народна песна. Наставникот ги поттикнува учениците да ги искажат своите доживување, да кажат која изведба најмногу им се допадна и сл.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# СО ПЕСНА И ИГРА ЗАЕДНО ДА РАСТЕМЕ

**Содржина:** Народно музичко творештво

**Поими:** народни песни, игри

**Стандарди:** Разликува карактеристични народни песни и народни игри/ора на етничките заедници во Република Северна Македонија.

*Воведни активности -активирање на предзнаењето:*

*Сценарио за час*

**Активност 1:**
Наставникот ги насочува учениците кон воведната активност - техника КОЦКА, на тема НАРОДНА ПЕСНА. Ги дели учениците во 6 групи. Секоја група добива задача, да пополни по една страна од коцката. 1 група - ОПИШИ (Кога, каде и како се пеат народните песни?); 2 група - АСОЦИРАЈ (Какви асоцијации будат народните песни?); 3 група - АНАЛИЗИРАЈ (Какви можат да бидат народните песни според соржината?); 4 група - СПОРЕДИ (Кои се сличностите и разликите на народните песни кај различни народи?); 5 група - ПРИМЕНИ (Колку се присутни во современото музичко творештво?); 6 група - ДИСКУТИРАј (Дали ти се допаѓаат? Зошто?).
Откако учениците ќе завршат со работа во групи, еден претставник од групата презентира пред останатите ученици.

Наставникот ја следи работата на учениците, ги поттикнува и им дава поддршка. При презентацијата ги дополнува, им помага и ги мотивира.

*Главни активности -искуствено учење:*



Нашата држава е мултиетничко и мултикултурно општество. Тоа значи дека треба да се почитуваме меѓусебно покрај различното етничко потекло, а различните култури да бидат нашето богатство.
Народните песни и игри треба да бидат нашиот мост на пријателство и соживот, затоа што музиката ја има универзалната моќ да ги соединува народите. Колку подобро се познаваме, толку посложно ќе живееме!

Наставникот објаснува дека сите етнички заедници кои живеат заедно, имаат свои народни песни и игри кои се на нивниот мајчин јазик. Иако имаат свои специфчни одлики, имаат и сличности.

Наставникот ги воведува учениците во активноста слушање музика ,,Фолклорни китки од шарени нитки”. Им го посочува првиот звучен пример, сплет од македонски народни песни и игри.

*Ансамбл Танец: Македонски народни песни и игри*
https://youtu.be/oCNVnDp_bTc

Наставникот ги насочува учениците да ги проследат звучните примери. Притоа, да ги препознаат, според мелосот и јазикот, на која етничка заедница припаѓаат. Исто така, им дава насоки да воочат сличности и разлики помеѓу песните и игрите во врска со мелодија, ритам, изведба и сл. Наставникот создава пријатен и весел амбиент и ги охрабрува учениците да танцуваат.

*Avalle e tropojes (албански танц)*
https://www.youtube.com/watch?v=8PJJxoQnSKc&list=PLVYx40OFH-hTvRoEqfk6JL9-dZWlmFmjry

*Каранфил се на пут спрема – Армира Медуњанин (босански јазик).*
https://www.youtube.com/watch?v=nnhNbmOAc5c

*Каранфиле цвеће моје, Василија Радојчић (српски јазик).*
https://www.youtube.com/watch?v=M5ZIz6WK4k0

*Есма Реџепова: Романо хоро (ромски јазик)*
https://youtu.be/fP9FYpp6p6s

*Zara - Çemberimde Gül Oya (турски јазик)*
https://youtu.be/XUk5BwAY6dI

*Via Balkanika: Isusea-me dado (влашки јазик)*
https://youtu.be/He4cUed-vYI

*Завршни активности -извлекување заклучок:*

По проследувањето на сите звучни примери, наставникот ги поттикнува учениците на дискусија. Дали им се допаднаа сите звучни примери? Дали се развеселија? Дали имаше сличности и разлики помеѓу некои песни и игри?
Се донесува заеднички заклучок, дека песната и играта не поврзуваат и не развеселуваат. Колку повеќе знаеме едни за други, колку повеќе се почитуваме, толку повеќе животот ќе ни биде поубав. Со песна и игра!

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи, дводимензионални отпечатоци – непроектирани, листови хартија, хамер.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# МУЗИЧКО ПАТУВАЊЕ

**Содржина:** Народно музичко творештво

**Поими:** народни песни, игри

**Стандарди:** Идентификува карактеристични народни песни или игри/ора од соседните народи и народите во светот.

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1:**
Наставникот влегува на час со торба за патување, патна исправа (изработена на хартија со име презиме и ноти) и испечатена карта на светот. Ги прашува учениците дали се спремни за едно музичко патување. Им споделува изработени патни исправи на учениците со нивно име и презиме. Им најавува дека патувањето е со цел, да се запознаат со музичкиот фолклор на други народи. Ја прикачува картата на светот и ги одбележува местата кои треба да ги посетат (според композициите дадени во програмата, но, може и други примери по избор на наставникот).

Наставникот им ја објаснува целта на музичкото патување, и им раскажува на учениците за фолклор.

*Главни активности -искуствено учење:*



Музичкиот фолклор на еден народ го сочинуваат песните, игрите и народните инструменти. Преку нив се искажува културното и историското минатото, начинот на живеење, темпераментот, навиките, обичаите. Секогаш треба да го негуваме и чуваме нашиот фолклор како наше најголемо богатство, но, да покажеме интерес и почитување кон фолклорот на другите народи.
,,Ако сакаш подобро да запознаеш еден народ, запознај го неговиот фолклор"

Наставникот прави амбиент за проследување на звучните примери и ги поттикнува учениците да танцуваат според видеото. Прва дестинација од патувањето е Мексико. Наставникот покажува на картата каде се наоѓа и раскажува накратко за културните знаменитости и големите сламени шешири.



*Ла распа (Мексико)*
https://www.youtube.com/watch?v=HV51aBY3hxI

Наставникот ја најавува следната дестинација - Русија. Ги насочува учениците да го проследат видеото и да воочат, кој учествува во изведбата на една од најпопуларните руски народни песни - Калинка.



***Калинка, стилизиран руски народен танц, детски ансамбл „Локтев“ (танчери, хор, оркестар со класични и народни инструменти).***
https://www.youtube.com/watch?v=yGxJCLhc3bk

Наставникот ја најавува следната дестинација - Бразил, карневалот во Рио де Женеиро, каде што се танцува самба. Ги поттикнува учениците да го следат видеото и да научат да ги танцуваат основните чекори на овој весел танц.



*Самба (Бразил)*
https://www.youtube.com/watch?v=DEDEWr89_EQ

И за крај на патувањето, наставникот ги насочува учениците да го проследат видеото и да танцуваат Ба-инглес, традиционален танц од Филипини.



*Ба-инглес (Филипини)*
https://www.youtube.com/watch?v=w_y08enGNAk

*Завршни активности -извлекување заклучок::*



На крајот од часот, учениците, поттикнати од наставникот, ги искажуваат своите импресии од танцувањето, како се чувствувале додека танцувале и колку им се допадна ова музичко патување. Запишуваат на стикери и ги лепат на картата за патување.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи, дводимензионални отпечатоци – непроектирани, листови хартија, хамер, торба за патување.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# БАЛЕТ

**Содржина:** Музичко-сценски дела

**Поими:** балет

**Стандарди:** Прави разлика меѓу балет и мјузикл.

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1:**
Наставникот им објаснува на учениците дека музиката покрај тоа што може да се пее и свири, со музика може и да се танцува. Ги поттикнува учениците на дискусија. Дали тие танцуваат кога ќе слушнат музика.? Дали движењата се различни, на различни видови музика? Што тие искажуваат преку танцувањето? По свој избор, наставникот пушта различни жанрови на музика за танцување и ги поттикнува учениците да танцуваат.

Наставникот ги подготвува учениците за видеото кое треба да се проследи. Ги насочува да внимаваат на начинот на танцување, костимите, музиката.

***Извадок од балетот ,,Лебедово езеро"-П.И.Чајковски***
*https://youtu.be/077BgT3h6As*

*Главни активности -искуствено учење:*

По проследување на видеото, наставникот реди 5 картички на табла со размешани букви од зборот БАЛЕТ, учениците ги редат буквите и го откриваат поимот.
Следи насочена дискусија по изгледаното видео:
- По што се разликува балетот од останатите танци? (уметнички танц)
- На кој начин се игра?
- Какви се костимите? Зошто се такви? (за да се види техниката со нозете)
- Каква е положбата на телото? Што мислите, како стојат играчите на прсти?
-Каква е музиката во видеото, вокална, инструментална или вокално-инструментална?
- Каков состав ја изведува музиката? Дали е соло, камерна или оркестарска музика?



Балетот е музичко-сценско дело. Има содржина- сиже, која балерините и балетаните ја искажуваат преку движење на телото и мимики и гестикулации на лицето. Костимите и сценографијата се изработени според содржината на балетот. Најчесто се изведува во придружба на класична музика. Поради својата висока техничка сложеност и естетска вредност, балетот се смета за најпрестижна форма на танц. Покрај класичниот балет, постојат модерен и неокласичен балет.

*Извадок од балетот ,,Оревокршачка”*
*(Танц на шеќерната самовила) -П.И.Чајковски*
https://youtu.be/077BgT3h6As



,,Оревокршачка” е еден од најпопуларните балети на рускиот композитор П.И.Чајковски. Делото ја претставува магијата на Божиќната ноќ, сонот и фантазијата на едно девојче, кога нејзините играчки покрај новогодишната елка, оживуваат и плетат прекрасна приказна за доброто и злото, желбата за љубов и сигурност и прошетката низ разни делови во светот.

Наставникот пушта пример за модерен балет и ги насочува учениците да ја согледаат разликата со класичниот балет.

*Ballet vs Hip Hop - Annika Verplancke (модерен балет)*
https://youtu.be/Fb1Blvfvp78

*Завршни активности*
*-извлекување заклучок:*

***Активност 2:***
***Подготвуваме балетска претстава (проектна активност)***
Наставникот ги поттикнува учениците, заедно да подготват балетска претстава со која ќе се претставaт пред публика (за некој настан, пред родителите, пред другарчињата од другото одделение и сл.).
-Им ја пушта композицијата ,,Пролет” од А. Вивалди.
-На учениците им го објаснува карактерот на композицијата (Зелена ливада во пролет, шарени цвеќиња, пчелки, пеперутки, птици. Се појавуваат облаци, грмотевици. Но, сонцето повторно ги пушта своите зраци и се слуша првиот дел повторно).
-Се делат улоги (цвеќиња, пчелки, пеперутки, облаци, сонце).
-Се осмислуваат костими (цветови, крилја на пеперутка, облачиња и сл., изработени на хамер) и сценографија (хамер со цртеж од пролет). Се прави план за изработка (интеграција со предметите Техничко образование и Ликовно образование).
-Се осмислува и подготвува кореографија. Наставникот само ги поттикнува учениците, тие сами да ја осмислат кореографијата притоа внимавајќи на програмскиот карактер на композицијата, на ритамот и темпото.
-Се изработуваат покани во електронска форма (интеграција ИКТ)
Претставата може да почне!
На овој начин се повторува, односно, практично се применуваат сите сегменти во балетот.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи , аудио и видео записи, дводимензионални отпечатоци – непроектирани, листови хартија, хамер.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, информатика, ликовно образование, техничко образование

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# МЈУЗИКЛ

**Содржина:** Музичко-сценски дела

**Поими:** мјузикл

**Стандарди:** Прави разлика меѓу балет и мјузикл.

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1:**
Наставникот ги насочува учениците да го проследат видеото (мјузикл). Притоа, учениците ги дели во групи и им задава насоки. Првата група треба да ја долови содржината (според фрагментот, за што се зборува). Втората група треба да ја опише сцената (дали таа соодејствува со содржината). Третата група треба да ги опише костимите. Четвртата група треба да објасни кои се изведувачи во видео примерот.

***Мјузикл ,,Кралот лав" (фрагмент)***
https://youtu.be/ewOAsUWQJvo

По проследувањето на видеото, учениците работат во групи, дискутираат, пишуваат на хамери и презентираат по групи. Наставникот ги дополнува, поставува дополнителни прашања. Запишува анаграм од зборот МЈУЗИКЛ и ги поттикнува учениците да го откријат поимот.



*Главни активности -искуствено учење:*

Мјузиклот (музички театар) е жанр во театарската уметност во кој се глуми, се пее, се танцува. Има соодветна сценографија, костимографија и придружба во живо од оркестар или бенд. Мјузиклот настанал на почетокот на 20 век како потреба за забава на театарската публика. Содржината на мјузиклот може да биде тема од секојдневниот живот, приказна, преработено книжевно дело и сл.
Покрај театарскиот мјузикл во кој целото дејствие се одвива во живо, на сцена, постои и филмски мјузикл (музички филм). Во филмскиот мјузикл, актерите ги изведуваат и песни со кои го развиваат драмското дејствие.
,,Ако сакаш подобро да запознаеш еден народ, запознај го неговиот фолклор"

*До, ре, ми: Sounds of Music (Звуците на музиката)- Извадок од филмскиот мјузикл ,,Мои песни, мои сништа”*
https://youtu.be/drnBMAEA3AM

По проследувањето на звучниот пример, наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за универзалниот јазик на музиката. Им посочува на учениците дека имињата на тоновите и воопшто, музичкиот јазик, во цел свет се исти. Доколку се организира настан на кој децата од цел свет треба да ја испеат тонската скала, иако тие имаат различен мајчин јазик, тоновите ќе ги пеат на ист начин.

Наставникот ги насочува учениците кон следните фрагменти од мјузикли и им објаснува на учениците дека постојат многу мјузикли наменети за деца и младинци каде тие ги искажуваат своите таленти за пеење, глума и танцување.

*Мјузикл Aladini/Аладин (албански јазик)*
https://www.youtube.com/watch?v=u7NUt8IcW9k&t=1508s

*Мјузикл Ени – Тежок живот наш (македонски јазик)*
https://youtu.be/alrFnfKFvzk

*Мјузикл Алиса и земљи чуда/ Алиса во земјата на чудата- инклузивна претстава во форма на мјузикл во која учествуваат деца со пречки во развојот (српски јазик)*
https://youtu.be/APZ4D-UxuZc

*Мјузикл Малата црна риба/ Küçük Kara Balık (турски јазик)*
https://youtu.be/fecRCof-miw

*Завршни активности -извлекување заклучоци:*

**Активност 2.**
Откако ќе се изгледаат видео примерите, каде децата се во главни учесници, наставникот разговара со учениците и ги мотивира да развијат идеи за подготовка на мјузикл. Се дискутира кои сегменти треба да се опфатат, а со тоа се утврдува содржината од часот.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, англиски јазик.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# МУЗИКА ЗА АНИМИРАН ФИЛМ

**Содржина:** Музика од анимиран филм

**Поими:** анимиран филм

**Стандарди:** Препознава и именува најмалку две композиции од анимирани филмови.

*Воведни активности*
*-активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1:**
Наставникот ги насочува учениците да ги набројат своите омилени анимирани филмови преку техниката Бура на идеи. Учениците набројуваат и ја кажуваат темата и идејата на анимираниот филм (што се раскажува и која е поуката).
Потоа, наставникот ги прашува, дали ја слушаат музиката додека го проследуваат аниимираниот филм? Колку музиката го поддржува драмското дејство во филмот? Која им е омилена песна од анимиран филм?

*Анимиран филм Sing/ Пејте со нас (фрагмент)*
https://youtu.be/6DIQDumLTZg

Наставникот накратко им ја објаснува содржината на учениците. Дејството на овој анимиран филм се случува во измислен град на животни, кои се пријавуваат на аудиција и ги покажуваат своите таленти.

*Главни активности*
*-искуствено учење:*

Музиката во анимираните филмови има многу важна улога. Таа често ги следи движењата на главните јунаци и помага при нивна анимација. Музиката е напишана од композитори и често е изведувана од симфониски оркестар. Има и многу познати песни, кои се дел од анимираните филмови. Тие песни се вметнати во драмското дејствие и преку нив, главните ликови продолжуваат да ја раскажуваат приказната.

*Најдобрите 30 песни од Дизни филмовите*
https://youtu.be/KkBZRnBaBV0

При проследувањето на видеото, наставникот ги поттикнува учениците да го воочат драмското дејство преку песните, за подобро да ја сфатат улогата на музиката во анимираните филмови.

Наставникот го презентира анимираниот филм ,,Маша и Медо” во кој има многу музика затоа што се прикажува музички бенд. Дел од анимираните филмови се и едукативни и од нив може многу да се научи.



***Маша и Медо, прикажување на музички бенд***
https://www.youtube.com/watch?v=x3N6qooVxfw



***Sa do të doja një qenush/Колку би сакала едно кученце (албански јазик)***
https://www.youtube.com/watch?v=51mKtOAREkk



***Мајмунски плес/ Мајмунски танц (српски јазик)***
https://youtu.be/E2H6zYETzgc




***Мајмунски плес/ Мајмунски танц (српски јазик)***
https://youtu.be/E2H6zYETzgc

***Активност 2:***
Наставникот го презентира видеото со анимираниот филм ,,Глувчето и кошницата ореви”. Учениците го проследуваат и наставникот ги поттикнува на дискусија во врска со музиката.
Дали музиката го следи драмското дејство? Дали има ефекти со кои се засилува драмското дејство? Дали учениците имаат идеи како тоа да се направи? Наставникот дава насоки на учениците, при повторно проследување на анимираниот филм, да се додадат ефекти (тропкање со молив, гласовни ефекти, шушкање на хартија).
Наставникот претходно избира програма за звучни ефекти и на час по информатика се прави дополнителна музичка анимација на анимираниот филм.

***Глувчето и кошницата со ореви - (за интегриран час со информатика и програмирање)***
https://youtu.be/XLi-0PaRYmw

*Завршни активности*
*-извлекување заклучок:*

***Активност 3:***
За подобро да се воочи улогата на музиката во анимираните филмови, наставникот им пушта на учениците анимиран филм, но, без звук. Ги прашува учениците дали е исто доживувањето на драмското дејство. Учениците дискутираат а со тоа, уште еднаш се утврдува улогата на музиката во анимираните филмови.

**Рефлексија**

Се води дискусија во врска со прашањата:

1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, англиски јазик, информатика

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# ФИЛМСКА МУЗИКА

**Содржина:** Филмска музика

**Поими:** филмска музика

**Стандарди:** Препознава и именува најмалку две композиции од анимирани филмови и играни филмови (до 12 години).

***Воведни активности -активирање на предзнаењата:***

***Сценарио за час***

**Активност 1:**
Наставникот започнува дискусија со учениците со прашањата: Дали гледате филмови? Со каква содржина? Кој е вашиот омилен филм? Потоа наставникот ја продлабучува дискусијата со техниката ,,5 зошто?" Започнува со прашањето: Зошто (не)гледате филмови? Одговорот на секое прашање, наставникот треба да го преформулира со прашање-Зошто? (пр. Зошто гледате филмови? За корисно да го исполниме нашето слободно време. Зошто треба корисно да се исполни слободното време? За да учиме нови работи итн.).

Наставникот ја продолжува дискусијата и ги прашува учениците дали додека гледаат филм ја воочуваат музиката? Дали е исто да се гледа филм со звук и без звук? Каква улога има музиката во филмот? Потоа, ги насочува учениците да го проследат видеото.



*Славе Димитров: Музика од серијата Опстанок*
https://youtu.be/scpmNAhGTMo

По проследување на видеото наставникот ги поттикнува учениците да го објаснат карактерот на музиката и дали соодејствува со филмските кадри.

***Главни активности -искуствено учење:***

Филмската музика е дел од секој филм. Иако неупадлива, влијае на чувствата на гледачот. Филмската музика го поддржува и засилува драмското дејство, го дообјаснува изразот на актерите, може да даде трагичност или комичност на сцената и сл. Затоа и стилот на музиката зависи од тоа, какви емоции сака да предизвика режисерот. Може да се изведува со оркестар, неколку инструменти, гласови и сл. Исто така, понекогаш има и песни кои се дел од филмот, но се изведуваат и самостојно и се големи хитови.

***Ерделези (Ѓурѓовден), од филмот Дом за бесење***
https://www.youtube.com/watch?v=q0tfSGtPaqo

Наставникот објаснува дека проследениот звучен пример е извадок од филм, но, исто така и многу популарна песна на ромски јазик која е препеана и на други јазици.



***Tomka dhe shokët e tij/Томка и неговите другари (албански јазик)***
https://www.youtube.com/watch?v=A-4nWKBLQZI



***Песна од филмот Неразумевалица (инклузивен филм со деца со пречки во развојот на српски јазик)***
https://www.youtube.com/watch?v=A-4nWKBLQZI



***Песна од филмот Пипи долгиот чорап***
https://youtu.be/WG6WF1Qmq3c

*Завршни активности -извлекување заклучок:*

***Активност 2: Истражуваме за филм и филмска музика***

Наставникот дава насоки за истражувачка активност. По случаен избор (со ливчиња со симболи) ги дели учениците во 3 групи.
Првата група треба да најде одговор на следните прашања: Кога за прв пат се појавил филмот? Кој бил првиот филм? Дали првиот филм имал звук?
Втората група бара одговор на следните прашања: Кога е создаден првиот филм со звук? Кој е првиот филм со музика?
Третата група одговара на следните прашања: Кој е најпопуларен композитор на филмска музика? Која е најпопуларна филмска нумера? Кој ја напишал музиката за првиот македонски филм ,,Фросина”?
Учениците истражуваат на интернет и добиените информации ги запишуваат на листови. Наставникот ги мотивира и ги поддржува. Откако ќе завршат со истражувањето, ги презентираат добиените сознанија пред останатите.
Во оваа активност има интеграција со предметите информатика, македонски јазик и англиски јазик.

**Рефлексија**

Се води дискусија во врска со прашањата:

1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, англиски јазик, информатика

**Следење на напредокот:**

Усни одговори на прашањата за дискусија;

Придонес во активностите во група или самостојно;

Активно учество во изведбените активности;

Придонес во изведувањето на заклучоците.

# ПОПУЛАРНА МУЗИКА

**Содржина:** Видови музика

**Поими:** поп-музика, рок-музика, рап-музика

**Стандарди:** Го идентификува видот на музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/-а.

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1:**
Наставникот прикачува на табла неколку постери од познати актуелни поп пејачи. Ги поттикнува учениците да кажат каква музика изведуваат пејачите за да се открие наставната содржина за часот.
Потоа наставникот зборува за омилените пејачи од своите тинејџерски години и презентира звучни примери.

Наставникот и учениците ја дефинираат популарната музика според исказите на учениците.

*Главни активности -искуствено учење:*

**Популарната музика** е најслушан жанр на музика, посебно кај младата популација. Најчесто е лесна за слушање со едноставни мелодии и певливи рефрени. Ја изведуваат пејачи, пејачки, бендови, а може и поголеми состави (пр. оркестар или хор).
Има многу под-жанрови (различни стилови) во популарната музика како што се: поп, рок, рап, хип-роп, електронска музика, џез, фанк, латино, диско-музика и др.

Наставникот им објаснува на учениците за македонска поп музика, за познати изведувачи во минатото и денес. Ја најавува песната ,,За овој свет" од најголемата македонска музичка ѕвезда во регионот, Тоше Проески и раскажува за неговиот живот и дело. Ги насочува учениците да го слушаат текстот и мелодијата на песната.



*Тоше Проески: За овој свет*
https://youtu.be/RHHAdQfcNhY

песната.

Наставникот им објаснува на учениците дека светските поп изведувачи се многу популарни насекаде во светот. Ги насочува учениците кон следниот звучен пример и им објаснува дека тоа е поп песна, која всушност е филмска музика, односно насловна песна од истоимениот филм.




*Адел: Скајфол (Skyfall)*
https://www.youtube.com/watch?v=DeumyOzKqgI

По проследување на звучниот пример, учениците ги искажуваат впечатоците од композицијата и го објаснуваат карактерот (текст, темпо, начин на изведување).

Наставникот ги насочува учениците кон следната композиција и им објаснува за најголемиот натпревар на популарна музика во Европа, Евровизија. Набројува некој од претставниците на нашата држава. Нагласува дека земјите од регионот имале впечатливи настапи, а еден од таквите настапи е следиот звучен пример.

*Хари Мата Хари: Лејла*
https://www.youtube.com/watch?v=Zz24GrITV8o

Наставникот им објаснува на учениците дека понекогаш поп песните можат да имат и фолклорни мотиви како што е примерот со претходната и следната песна.

*Хорот на Ида Келарова – соло изведба на Ана Марие Багарова*
https://youtu.be/ffPNB3RScAM

Наставникот им објаснува на учениците за рок музика, која е дел од популарната музика. Карактеристично е што има нагласен ритам и употреба на електрични гитари. Иако има многу познати композиции од пејачи и групи, звучните примери се детски песни во рок изведба.

*АУТ – Петар Ѓуревски*
https://www.youtube.com/watch?v=3u8AvOo38iM

*Dream team: Na lini të jetojmë/Дрим тим: Оставете нѐ да живееме*
https://youtu.be/wNtrEC9ABuA

**Забелешка:** Содржината за популарна музика може да се реализира на два часа, со тоа што ќе им се даде можност на учениците ја споделат својата омилена песна.
Исто така можат да се реализираат и игровни активности, или на крајот на часот како завршен дел, или како посебен час.

*Завршни активности -извлекување заклучок:*

***Активност 2. Следи го танцувачкиот лидер***
Претходниот час, наставникот ќе ги насочи учениците да ја одберат својата омилена поп песна и да осмислат едноставна кореографија на истата. На наредниот час, учениците ги презентираат своите омилени песни. Секој ученик кажува накратко за својата омилена песна и танцува со своја кореографија а останатите го следат со танцување.

***Активност 3. Еко-рок бенд*** (интеграција со Техничко образование)
Наставникот дава насоки, учениците да донесат материјали за рециклирање за изработка на инструменти (пластични шишиња, стари тенџериња, пласични туби и сл.). На часот по Техничко образование се изработуваат инструменти. Во оваа активност се употребуваат изработените инструменти, односно се пушта музика а со инструментите се придружува.

***Активност 4. Замрзнат танц***
Наставникот дава насоки за активноста. Пушта популарна музика и ги мотивира учениците да танцуваат. Ја стопира музиката неочекувано, а учениците треба да застанат во положбата во која се затекнале. Потоа, продолжува музиката а постапката се повторува неколку пати.

***Активност 4. Музичко столче***
Наставникот реди столчиња на подиумот за танцување во училницата. Учениците се околу столчињата наредени во круг. Бројот на столчиња е за еден помалку од бројот на ученици. Наставникот презентира музика и учениците танцуваатоколу столчињата. Кога наставникот ќе ја запре музиката, секој од учениците требада седне на столчето, а за еден ученик ќе нема столче и тој излегува од играта.Постапката се повторува до последните двајца ученици, а кога ќе има едно столче.Последниот ученик кој ќе седне е победник.



**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи.

**Меѓупредметна интеграција:** техничко образование.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# ТРИДЕЛНА ФОРМА

**Содржина:** Музички изразни средства

**Поими:** триделна форма АБА

**Стандарди:** Идентификува делови на триделна форма АБА.

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1:**
Наставникот ги поттикнува учениците да испејат песна (дводелна) која ја знаат од претходно. Потоа, ги насочува кон анализа на песната и потсетување на претходното знаење за дводелна песна - строфа и рефрен.
Наставникот ги поттикнува учениците да се присетат и на други песни кои имаат строфа и рефрен. Песните се пеат и се коментира нивната дводелност.

*Главни активности -искуствено учење:*

Потоа, наставникот ја свири на инструмент песната ,,Светкај ѕвездичке”. Песната се обработува (повторува) со ноти и текст. Откако учениците ќе ја усвојат, наставникот ги насочува да направат анализа, колку делови има песната. Се одбележуваат деловите и учениците ја воочуваат триделноста (АБА).

## СВЕТКАЈ ЅВЕЗДИЧКЕ




Песната се пее неколку пати а наставникот ги насочува учениците да додадат динамички знаци, да ја пејат во различно темпо, делот А да го пејат легато (споено) а делот Б стакато (отсечно).

Потоа, наставникот им објаснува на учениците дека овој пример е стара француска песна, но, дека е препеана на многу јазици и дека е една од најпопуларните детски песни. Оваа песна била инспирација за композиторот В.А.Моцарт да компонира клавирска композиција - Тема со варијации. Наставникот ги насочува учениците да ја проследат композицијата, притоа, да ја воочат троделноста во секоја варијација.

***Моцарт - Варијации "Ah, vous dirai-je, maman"***
https://www.youtube.com/watch?v=Ezvj-De6bxY

Наставникот ги подготвува учениците за слушање на композицијата ,,Дивиот јавач" од композиторот Роберт Шуман. Им објаснува дека тоа е клавирска композиција, а самиот наслов ни дозволува да ја доживееме композицијата на свој начин. Ги насочува учениците да внимаваат на формата на композицијата, односно, ги насочува да откријат колку делови има.



Звучен пример: ***Шуман - Дивиот јавач***
https://youtu.be/wUrz5rtBp7I



Наставникот ги насочува учениците на дискусија во врска со триделноста на композицијата. Потоа, ја споделува партитурата од композицијата и им објаснува на учениците дека нотите за пијано имаат два реда паралелно, еден за десна и еден за лева рака. Уште еднаш ја пушта композицијата и покажува на деловите паралелно со аудио примерот. Поставува дополнителни прашања за темпото и динамиката на композицијата и изразните средства - стакато и легато.

*Завршни активности*
*-извлекување заклучок:*

Наставникот поставува прашања: Кои композиции ги слушавме? Кој е композиторот на секоја композиција? Во кое темпо е секоја од композициите?

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи, клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички темпериран инструмент.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# ДУР МОЛ

**Содржина:** Музички изразни средства

**Поими:** дур/мол како карактер на музиката

**Стандарди:** Препознава музички изразни средства во слушаните композиции и ги именува со стручни изрази. Го опишува карактерот на слушаното дело и го поврзува со музички изразни средства преку кои е постигнат.

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1:**
Наставникот ги насочува учениците кон првата активност и им најавува дека ќе им отсвири две тонски низи од 8 тонови. Наставникот свири дурска и молска скала од еден ист тон. Им објаснува на учениците дека и двете низи започнуваат и завршуваат со ист тон, но, ги поттикнува учениците да објаснат како им звучи. Учениците даваат свое видување.
Потоа, наставникот ја свири песната ,,Светкај sвездичке" во дурски тоналитет, па во молски. Учениците ја приметуваат разликата и одговараат. Наставникот ги прашува, дали истиот текст одговара за првата и втората изведба. Дали вториот пат песната треба да има друг текст? Учениците даваат предлози.

*Главни активности -искуствено учење:*

Наставникот им објаснува на учениците дека се работи за различен сооднос меѓу тоновите, па затоа звучи различно. Ги потсетува на изучената C-dur скала, како таа звучи свечено, херојски, весело. Им објаснува на учениците дека има и молски скали кои звучат тажно, нежно, плачливо, елегично.



Музиката понекогаш звучи свечено, весело, храбро, игриво, а некогаш тажно, елегично, нежно. Покрај темпото, динамиката, начинот на изведба и сл., за карактерот на музичкото дело, голема улога има дали композицијата е напишана во дур или мол. Може и во една композиција да има одредени делови во дур или во мол (дурски и молски тоналитет).

Наставникот ги потсетува учениците на композицијата ,,Дивиот јавач” од композиторот Роберт Шуман (од претходните часови-триделност). Ги насочува учениците уште еднаш да ја слушнат и да воочат кога има промена на тоналитет (дур-мол). Наставникот им помага на учениците дека тоа е поврзано со триделноста, првиот и последниот дел се во еден тоналитет а средниот дел, заради контраст, е во друг тоналитет. Учениците треба, според звучноста, да препознаат.

***Р. Шуман - Дивиот јавач***
https://youtu.be/wUrz5rtBp7I

По завршувањто на композицијата, учениците дискутираат дали лесно го препознале тоналитетот дали воочуваат дур и мол. Заеднички се заклучува дека делот А е мол а делот Б е дур
Потоа наставникот ги насочува учениците кон нов звучен пример, да ги препознаат деловите во дур и мол (без да го претстави делото, да се задржи вниманието на тоналитетот).



***В.А.Моцарт: Турски марш***
https://youtu.be/geER3iQDO5k

Наставникот ги повторува неколку пати првите две теми, за учениците да ја воочат промената на тоналитетот. Потоа се слуша цела композиција. Учениците со помош на наставникот ги воочуваат деловите во мол и дур.

Наставникот им објаснува на учениците за слушаното дело. ,,Турски марш” е едно од најпопуларните дела на В.А.Моцарт. Тој го напишал во 18 век, кога во Виена, каде што живеел, било популарно се што е турско. Во делот во композицијата, кој е во дур, е претставено биењето на големите турски тапани.

Наставникот ги насочува учениците уште еднаш да ја ислушаат композицијата внимателно. Делот во дур (рефрен во рондо), ги насочува учениците, да тропкаат со моливите на клупата во ритам, имитирајќи дека свират големи тапани.

По проследувањето на композицијата, наставникот поставува прашања на учениците:
Како ви се допадна композицијата?
Во кое темпо е?
Каква е динамиката на композицијата?
Каков е карактерот на композицијата?
Кој ја компонирал?

*Завршни активности*
*-извлекување заклучок:*

Наставникот им објаснува на учениците дека оваа композиција е многу популарна, има многу преработки во различни стилови и за различни состави. Дури има и цртан филм на таа тема.



***Цртан филм -Турски марш***
https://youtu.be/qJT6kPp-c3o

Со повторно слушање на композицијата, уште еднаш се утврдува промената на дур и мол. На крајот од часот, рефлексијата е преку неколку прашања од наставникот до учениците за утврдување на содржините од часот.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи, клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички темпериран инструмент.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# тема: Пееме, свириме и играме



# 1.Тема *Пееме, свириме и играме*

Изведувачките музички активности кај учениците од училишна возраст се од големо значење за правилен психо-физички развој. Примарно се развива вокалниот апарат, се подобрува говорот преку пеењето, се развиваат тактилните способности преку свирење на инструмент и координација при движење при танцување. Исто така, преку часовите за изведувачки активности, учениците се запознаваат со детски, уметнички и народни песни. Преку изведбата се развиваат емотивните, естетските и моралните вредности, се запознава својата културна традиција и културата и традицијата на други народи.
Часовите по Музичко образование ги стимулираат сите видови на учење затоа што се работи за интегрирано учење во стимулативна средина. Тоа придонесува и помага, учениците да учат подобро и по другите предмети во училиштето и да ги унапредат способностите и вештините во другите сфери на живеење.
Темата Пееме, свириме и играме е застапена со 18 часа. Интегрираниот модел на настава опфаќа неколку содржини во оваа тема и тоа: Пеење песни по слух, Пеење по нотен запис, Свирење на детски музички инструменти, Музички игри и Музичко изразување и творење. Сите овие содржини се меѓусебно интегрирани, интегрирани се со темата Слушаме музика а постои можност за интеграција со останатите предмети кои се изучуваат. Низ ваквите содржини се усвојуваат основите на музичката писменост кои се учат искуствено преку практична примена на изучените поими.

Во Прирачникот е даден методски пристап и предлог-активности за реализација на содржините. Покрај добрата подготвеност на наставникот, потребно е да обрне внимание и на следното:

- да ги поттикнува сите ученици, подеднакво да се вклучат во изведувачките активности;
- да обрне внимание на правилна вокална техника и импостација на гласот кај учениците;
- да ги насочува учениците за правилно совладување на техниката на свирење кај детските музички инструменти;
- да ја поттикнува креативноста кај учениците при создавање, имровизирање и др.
- да ги интегрира содржините со другите предмети за добивање на сеопфатно знаење;
- да ги поттикнува и да им помага на учениците за организирање на настани и настапи со научените изведби;
- да ги мотивира учениците да развиваат љубов кон својата традиција и почит кон традицијата на другите народи;
- да го воочи и развива музичкиот талент на учениците.

Резултати од учењето од оваа тема се:

1. пее детски, традиционални и уметнички песни по слух, со различен карактер и содржина;
2. свири на детски музички инструменти по слух, со правилна техника на свирење и со употреба на изучените музички елементи;
3. пее и свири едноставни мелодиски вежби по нотен запис, со употреба на изучените музички елементи;
4. учествува во музички игри и танци, со примена на изучените музички елементи.

# ТРАЕЊЕ НА ТОНОВИТЕ И ПАУЗИТЕ

**Содржина:** Пеење по нотен запис

**Поими:** осмина нота, осмина пауза

**Стандарди:** Чита парлато едноставна мелодиска вежба со именување на тоновите со тактирање; пее едноставна мелодиска вежба со тактирање.

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1:**
Наставникот ги упатува учениците во воведната активност - музичката игра ,,Ехо”. Ги насочува да замислат дека се на планина и дека наставникот пее еден музички мотив во динамика форте, а учениците треба да бидат ехо, односно, истиот мотив да го повторат во динамика пијано. Се пеат неколку мотиви, мелодиски и ритмички различни. Потоа, наставникот ги насочува учениците да се присетат на особините на тонот (звук со определена висина, јачина, траење и боја). Учениците дискутираат за овие особини.

Потоа, наставникот пее или свири два слични мотиви со тактирање, а учениците треба да воочат по што се разликуваат.



Учениците ги воочуваат разликите во врска со траењето на тоновите. Наставникот ги поттикнува да ги објаснат разликите и да ги повторат со пеење. Заедно, повторуваат за траењето на нотите и го поврзуваат знаењето со примена во дадените примери

*Главни активности -искуствено учење:*

Преку **Грозд** техника, учениците со помош на наставникот ги запишуваат траењата на нотите и паузите. Објаснуваат за начинот на тактирање.

ноти



цела

половина

четвртина

паузи



**Активност 2. Тактирање на ритмички вежби**

Наставникот ги насочува учениците кон обработка на ритмичките вежби, односно, примена на знаењата за траење на нотите и паузите. Се разгледуваат вежбите и се дискутира за вредностите на нотите и паузите. Се повторува за начинот на правилно тактирање. Може да се тактира групно, но, добро е секој ученик да проба да тактира самостојно. Учениците можат да сами да изберат во кое темпо ќе ја тактираат вежбата. Вежбите можат да се изведуваат со детски ритмички инструменти или со плескање со рацете, кликање со прстите, потскокнување и сл.

1. 

2. 

3. 

**Активност 3. Музичка математика**

Наставникот ги насочува учениците да ги решат музичките задачи. Решението треба да биде една нота или пауза. Покрај траењето на нотите, треба да се обрне внимание на математичките операции.



По утврдувањето на изучените траења на тоновите, наставникот пее мелодиски мотиви, користејќи ги изучените нотни вредности и додавајќи осмини ноти, а притоа тактира (да се воочи дека е исто темпо). Им поставува прашања на учениците во врска со осмина нота: Колку ноти има во еден удар? Како би се викале нотите (две во една четвртина според математички принципи)? Како да се запишат за да се разликуваат од претходните ноти (нотна глава од цела нота, нотен врат од половина нота, обоена нотна глава од четвртина, што е следно?). Наставникот ги поттикнува учениците да даваат предлози.



По дискусијата, учениците и наставникот заедно ги дефинираат основните поими за осмина нота и пауза. Се запишува на табла.




**осмина пауза**

**Осмина нота** и **осмина пауза**
траат по половина удар.



**осмина пауза**

Кога има повеќе осмини една по друга тие можат да се запишат и со нотен кров (без знаменца).



• Наставникот ги насочува учениците да го пополнат последниот ред од грозд техниката, односно да воочат дека во секоја четвртина нота има две осмини ноти.
• Наставникот поставува прашања: Колку осмини има во цела нота, а колку во половина? Колку удари се четири осмини?
• Наставникот им дава насоки на учениците сами да создадат музички задачи со сите изучени нотни вредности.

**Активност 4. Обработка на мелодиска вежба**
Наставникот ги насочува учениците да ја разгледаат мелодиската вежба. Се дискутираат нотните вредности, висината не тоновите, опсег на тоновите. Вежбата прво се пее парлато а потоа мелодиски.



**Активност 5. Ритмички диктат**
Наставникот ги насочува учениците за активноста-ритмички диктат. Учениците го делат редот од петолинието на 8 тактови. Наставникот им кажува на учениците дека ритмички диктат се пишува на првата линија од петолинието затоа што се запишува само ритамот, односно, траењето на нотите, а не мелодиската линија. Наставникот на неутрален слог ги тактира нотите, такт по такт, а учениците запишуваат со соодветни нотни вредности. Откако ќе се запише диктатот во тетратките, се проверува, а потоа се тактира.

**Активност 6. Екологија и музика**
Наставникот им дава задача на учениците да соберат пластични капачиња од шишиња. На секое капаче се лепи различна нота или пауза. Потоа се редат по различен редослед и се тактираат. Може да се додадат и тактови црти и да се направи ритмичка вежба со пластични капачиња. Така, пластичниот отпад ќе се користи како нагледно средство.



***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

Наставникот ги насочува учениците да нацртаат приказ на траењето на нотите. Тоа може да биде со геометриски фигури, овошје, пица, работа со податоци (на бројна оска), во табела и сл. Наставникот ги поттикнува учениците за креативни решенија.

Наставникот дава насоки на учениците да состават ритмичка вежба при што ќе ги употребат сите изучени нотни вредности. Секој ученик треба да ја тактира својата вежба.

*Забелешка: Сите предложени активности се планирани да се реализираат на 3 часа според потребите и интересот на учениците. Некои активности, како на пр. ритмичкиот диктат или тактирање на ритмички вежби, пожелно е да се повторуваат повеќе пати во текот на учебната година.*

**Дополнителни линкови од видеа за утврдување на изучените содржини:**

***Траење на тоновите***
(интеграција со англиски јазик,
информатика и математика)

https://youtu.be/Lt-fYFq6uYI

***Тактирање***
(интеграција со англиски јазик,
информатика и математика)

https://youtu.be/4vZ5mlfZlgk

https://youtu.be/cHad-I5AJT0

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи, клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички темпериран инструмент, пластични капачиња.

**Меѓупредметна интеграција:** математика, техничко образование.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# ДВОЧЕТВРТИНСКИ ТАКТ

**Содржина:** Пеење по нотен запис

**Поими:** ритам, такт, тактова црта, дводелен (2/4) такт, јако тактово време - јак удар, слабо тактово време - слаб удар.

**Стандарди:** чита парлато едноставна мелодиска вежба со именување на тоновите со тактирање; пее едноставна мелодиска вежба со тактирање.

***Воведни активности -активирање на предзнаењата:***

***Сценарио за час***

**Активност 1.**
Наставникот ги дели учениците во групи и им споделува нотни записи од детски песни, клавирски партитури и сл. Ги насочува учениците да воочат како се организирани нотите (со тактови). Каде се запишува тактот во секоја композиција? Што означуваат бројките?

Музичката композиција е составена од повеќе мали делови наречени **тактови**. Тие се меѓусебно одвоени со вертикални линии наречени **тактови црти**.

Видот на тактот се пишува на почетокот на композицијата веднаш по виолинскиот клуч. Горниот број означува колку тактови времиња има во еден такт, а долниот број означува која нота е мерна единица.




На крајот на композицијата се пишуваат две тактови црти, од кои втората е подебела.



***Главни активности -искуствено учење:***

**Активност 2.**
Наставникот ги поттикнува учениците да составаат реченица од зборови кои имаат по два слога (пр. А-на пе-е пес-на). Се пишуваат повеќе реченици, а наставникот ги мотивира учениците, кој ќе напише најдолга реченица со зборови од два слога. Потоа, на секој слог се впишува по една четвртина нота. Се запишува како ритмичка вежба, а под секоја нота се впишува по еден слог. Секој збор се одделува со тактова црта. Се брои колку четвртини има во секој такт и се запишува тактот. Учениците ги читаат речениците со рамноделен ритам.

Наставникот им објаснува на учениците дека веќе е добиена една едноставна ритмичка вежба во двочетвртински такт. Како што во македонскиот јазик има акцентирање на првиот слог во зборовите со два слога, така и во двочетвртински такт кој е составен од две тактови времиња, првото време е јако (нагласено) а второто време е слабо (ненагласено).

**Двочетвртинскиот такт** е дводелен рамноделен такт, составен од две тактови времиња. Првото време е нагласено (јако) а второто тактово време е ненагласено (слабо). Збирот на нотните вредности во секој такт е две четвртини (два удари).







**Активност 3.**
Учениците изработуваат картички со сите изучени нотни вредности. Ги поставуваат во двочетвртински такт. Може да бидат поставени во петолиние или на една линија како ритмичка вежба. Потоа тактираат. Наставникот им поставува прашања: Дали може цела нота и пауза да има во двочетвртински такт? Колку осмини ноти најмногу, може да има во еден такт?



**Активност 4.**
Наставникот ја свири или пее вежбата а учениците тактираат според дадените симболи. На секое прво време плескаат со рацете, а на секое второ време кликаат со прстите. Потоа, ја пеат и ја тактираат вежбата заедно



*Главни активности -искуствено учење:*

Наставникот дава насоки за завршната активност. Активноста се изведува во парови. Секој ученик пишува ритмичка вежба од четири такта во двочетвртински такт. Ја менува својата вежба со друг ученик. Треба да се провери дали е точно напишана и да се истактира вежбата.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** нотни записи од детски песни, паритури од клавирски композиции, хамер во боја, пијано или друг инструмент.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, математика, техничко образование.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# ТРИЧЕТВРТИНСКИ ТАКТ

**Содржина:** Пеење по нотен запис

**Поими:** тричетвртински такт, јако тактово време - јак удар, слабо тактово време - слаб удар

**Стандарди:** Свири едноставни мелодиски вежби со изучените тонови и траења на ноти и паузи, со одредено темпо, динамика и артикулација.

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1.**
Наставникот ги насочува учениците да воочат од колку слогови е секој збор во ритмичката вежба која ќе ја презентира. Наставникот тактира и ја изведува ритмичката вежба рамномерно секој слог. За-пеј-те де-чи-ња ве-се-ло, ве-се-ло, троп-кај-те, из-број-те, такт-то-ви вре-ми-ња.




Учениците со помош на наставникот ја тактираат вежбата парлато, а потоа ја пеат мелодиски и со текст. Потоа, се развива дискусија за видот на тактот и тактовите времиња.

*Главни активности -искуствено учење:*

**Тричетвртински такт** е триделен рамноделен такт. Има три тактови времиња, од кои, првото време е јако а второто и третото се слаби. Основна тактова мера е четвртина нота. Збирот на нотните вредности во секој такт изнесува три четвртини ноти.




Наставникот им посочува на учениците за начинот на тактирање.

**Активност 2. Обработка на мелодиски вежби во тричетвртински такт**
Наставникот ги насочува учениците кон обработка на мелодиските вежби. Се разгледуваат, се дискутира кои ритмички вредности се употребени. Вежбите најпрво се обработуваат парлато, а потоа се пеат мелодиски. Учениците ги препишуваат во тетратките со петолиние. Наставникот ги поттикнува учениците да додадат свој текст, притоа да внимаваат акцентирањето на зборот да се совпаѓа со јакото време во тактот. Наставникот им посочува на учениците, на кој начин се пишува текстот под нотите. Потоа учениците ги изведуваат мелодиските вежби со свој текст.

1. 

2. 

3. 

**Активност 2. Танцуваме во тричетвртински такт**
Наставникот ги поттикнува учениците да се присетат на играта валцер. Им објаснува дека валцерот е напишан во тричетвртиски такт. Се слуша звучен пример, а учениците придружуваат со детски ритмички инструменти. При второто слушање, танцуваат.



*Д.Шостакович: Вториот валцер*
https://youtu.be/xtac0FxEfmQ

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи , аудио и видео ЦД со соодветна содржина клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички темпериран инструмент

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, математика.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# ТОНСКА СКАЛА

**Содржина:** Пеење по нотен запис

**Поими:** тонови до1, ре1, ми1, фа1, сол1, ла1, си1, до2; тонска скала, C-dur скала

**Стандарди:** Пее едноставна мелодиска вежба со тактирање и применува елементи на нотно писмо

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1.**
Наставникот претходно подготвува 5 комплети со нагледни средства од напишано петолиние на хамер и цели ноти во кои е впишано името на тонот. Ги дели учениците во групи и им дава насоки да ги подредат по ред тоновите, секој на своето место во петолинието. Потоа, се дискутира местото на тоновите, а посебно се обрнува внимание на тоновите фа, си и до2 (се дефинира местоположбата). Учениците ја пеат скалата а наставникот ги придружува со инструмент. Тоновите се размешуваат и може да се организира натпревар која група ќе ги нареди најбрзо.

Наставникот ги запишува тоновите на табла, а учениците ги препишуваат во тетратките.




*Главни активности -искуствено учење:*

**Тонска скала** е низа од 8 тонови во која првиот тон се повторува и како последен

Наставникот им објаснува на учениците за имињата на тоновите - до, ре, ми, фа, сол, ла, си и до. Тие се нарекуваат солмизациони, затоа што со нив се солфежира, односно се пеат тоновите. Уште се нарекуваат аретински, затоа што ги измислил музичкиот теоретичар Гвидо Аретински (Гвидо од Арецо) во 9 век.
Тоновите се изведуваат на ист начин (со мали измени) секаде во светот.

Покрај аретинските имиња, тоновите имаат и абецедни, кои служат за теоретско именување на тоновите.




**Активност 2. Поврзи ги имињата на тоновите**
Наставникот по различен редослед ги впишува во една колона аретинските а во друга колона абецедните имиња на тоновите. Учениците треба правилно да ги поврзат.

**Активност 3. Мелодиски вежби**
Наставникот ги презентира мелодиските вежби. Пожелно е учениците да ги препишат во тетратките. Се дискутира за висината на тоновите, за траењето. Најпрво вежбите се пеат парлато, па мелодиски. Вежбите се пеат на повеќе начини: наставникот пее два такта, учениците повторуваат, во групи, индивидуално. Наставникот придружува со инструмент и посочува на правилна вокална техника при пеењето.




**Активност 4. Игра со меморија**
Се изработуваат 14 картички со аретински и абецедни имиња на тоновите. Се спојуваат парови, аретинско со абецедно име на тонот со отварање на картичките.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** 5 комплети со нагледни средства, 14 картички со аретински и абецедни имиња на тоновите

***Меѓупредметна интеграција:*** македонски јазик, техничко образование.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
наставни ливчиња, чек листи,

# ЕЛЕМЕНТИ НА ТОНСКАТА СКАЛА

**Содржина:** Пеење по нотен запис

**Поими:** тонови до1, ре1, ми1, фа1, сол1, ла1, си1, до2; тонска скала, C-dur скала, стапало, тетракорд, цел степен, полустепен; абецедни имиња на тоновите

**Стандарди:** Препознава и именува елементи на скалата C-dur, Применува елементи на нотно писмо.

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1.**
Наставникот на неутрален слог пее кратки мелодиски фрази со по неколку тона нагоре или надолу, употребувајќи ги досега изучените нотни вредности, паузи, темпо и динамика, кажувајќи го само почетниот тон. Учениците ја повторуваат секоја фраза со именување на тоновите за на крај да се добие целосна вежба во C-dur. Учениците ја запишуваат вежбата во тетратките и потоа заедно ја солфежираат.

Наставникот им поставува прашања на учениците за редоследот на тоновите во тонската скала. (пр. кој по ред е тонот сол?). Им објаснува на учениците дека секој тон си има свое место во тонската скала

*Главни активности -искуствено учење:*

Стапало е местото каде што стои секој тон во тонската скала. Стапалата се бележат со римски броеви.







Наставникот ја пее цела вежба најпрво со ноти. Потоа, пее четири такта а учениците повторуваат, наставникот ги пее следните четири такта и учениците повторуваат.
Се пее цела вежба заедно. На ист начин се пее и со текст. Може да се пее во групи и индивидуално.

**Степен** е растојанието помеѓу два соседни тонови во скалата. Степенот може да биде цел и полустепен. Во дурската тонска скала полустепените се помеѓу трето-четврто и седмо-осмо стапало а останатите се цели степени.




Наставникот претходно изготвува постер (како погоре) или им објаснува на учениците на пијано, што всушност значи цел и полустепен. Ги насочува учениците да воочат на кои места се полустепените и поврзаноста со клавијатурата (меѓу ми-фа и си-до нема црна клавиша, значи е најмало тонско растојание во темперираниот тонски систем).



Се обработува мелодиската вежба и се воочуваат полустепените.

Кога скалата ќе се подели на два еднакви делови, се добиваат две групи од по четири тонови кои се нарекуваат **тетракорди**. Во секоја скала има долен и горен тетракорд.






Се обработува мелодиската вежба и се воочуваат горен и долен тетракорд.

**Активност 2.**
Учениците добиваат картички со запишани кратки фрази во C-dur и ги пеат со помош на наставникот. Потоа учениците се делат во групи и од овие картички секоја група се обидува да состави логичен мелодиски редослед. На крај секоја група ја претставува својата мелодија со пеење или свирење и се дискутира за тоа, која мелодија им звучи најдобро

*Завршни активности -извлекување заклучок:*

**Активност 3.**
Наставникот црта пет линии на под (може и надвор од училницата). Потоа, со именување тонови, пее кратки мелодиски фрази со 2–4 соседни тона нагоре и надолу, со скокови преку еден тон или повторување на еден тон. Учениците треба да ги претставаат овие фрази преку движења врз петолинието, стапнувајќи на точните позиции на тоновите (линии или празнини). Истата вежба може да се прави врз нацртана клавијатура или скалично претставена низа на тоновите од C-dur. Притоа, се коментираат сите усвоени поими (тертакорд, степен, полустепен, стапало и др.)

*Дополнителни активности:*

Учениците изработуваат музичка коцка и на секоја страна има по еден тон. Коцката може да биде со различна големина. Служи за утврдување на местото на тоновите во петолинието. Активноста може да се реализира на овој час, но и на други часови како игра за загревање.






*Дополнителни информации за наставникот*

Во музичката педагогија, се користи **Кодаљ метод** (по унгарскиот композитор и музички педагог Золтан Кодаљ).
Со движење на раката, визуелно се претставува висината на тоновите. Овој метод можете да се примени при обработка на мелодиски вежби или пеење кратки мотиви, откако ќе се претстави на учениците овој знаковен музички јазик. Постојат уште многу други интересни активности во рамките на Кодаљ методот.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи , аудио и видео записи со соодветна содржина, клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички темпериран инструмент, хамер, картички.

**Меѓупредметна интеграција:** математика, техничко образование.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# ПЕЕМЕ И ИГРАМЕ

**Содржина:** Пеење песни по слух во опсег си мало-ре2

**Поими:** правилен пејачки став, вокална техника, интонација

**Стандарди:** Применува елементи на нотно писмо во нотен запис.

*Забелешка:* Наставникот при планирањето прави избор одпредложените песни за содржината - *пеење песни по нотен запис*. Во продолжение следува вообичаена постапка и предлог активности при реализација на оваа содржина

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

***Сценарио за час***

**Активност 1.**
Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија во врска содржината на песната која треба да се обработува. Како воведна активност може да користат техники (Бура на идеи, петоред, 5 зошто и сл.). Песната, според содржината, може да се поврзи со други предмети или да биде дел од интегриран наставен ден.

***Главни активности***
***-искуствено учење:***

Методски пристап при обработка на песна по ноти:
- наставникот ги распејува учениците со C-dur скала и вежби за распејување;
- читање и разговор за текстот на песната;
- воочување на изучените елементи во нотниот текст (такт, опсег, траење на нотите и др.);
- парлато читање на нотниот текст;
- пеење со ноти (по делови и целосно);
-пеење на песната со правилна вокална техника и интонација;
- пеење со текст;
-пеење во група и индивидуално;
-придружба со детски ритмички инструменти;
-примена на темпо и динамика;
-пеење со инструментална придружба од наставникот.

**Активност 2.**
При обработка на песна, наставникот може да ги насочи учениците на следните активности:
-осмислување кореографија;
-ликовно изразување;
-драматизација;
- дебата во врска со содржината на песната;
-употреба на ИТ алатки за аудио снимање и изработка на анимиран спот;
-изработка на заеднички цртеж (хамер).

*Завршни активности*
*-извлекување заклучок:*

Песната се изведува со ноти и со текст. Учениците со самооценување даваат искази за успешноста на изведбата.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, инструмент, хамер и др.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, информатика, ликовно образование, природни науки, англиски јазик, техничко образование, физичко образование.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности.

*Забелешка:* Доколку наставникот направи избор на песна која не е застапена во програмата, мора да внимава на опсегот, содржината, уметничката вредност на песната и таа да биде прилагодена на возраста на учениците. Песната треба да ги содржи изучените елементи на музичка писменост.
Пожелно е обработените песни да се повторуваат во текот на учебната година или да се подготви настап со соодветна кореографија, драматизација и костимографија која ќе ја осмислат учениците. Дел од предложените активности можат да се обработуваат и на часовите за *слободни ученички активности.*

## ДРАГИ БАТО




***Драги бато*** е една од најпопуларните детски песни во светот. Наставникот ги поттикнува учениците да истражуваат на кои јазици е испеана оваа песна. Дополнителни предлог активности: цртеж според текстот (ликовно образование), изработка и изведба на куклен театар (техничко образование), пеење на песната на повеќе јазици.

## ПЕСНА ЗА ТОНОВИТЕ




***Песна за тоновите*** наставникот може да ја користи за распејување на учениците на почетокот на часот, заедно со скалата C-dur.

## ДЕЦА РАСПЕАНИ



# ЕСЕНСКА УБАВИНА




# НОВОГОДИШНА



## ВАЛЦЕР НА СНЕГУЛКИТЕ




## ПРОЛЕТНА ПЕСНА



# ЕКОЛОШКА ПОРАКА



## ЗДРАВА ХРАНА




## MARY HAD A LITTLE LAMB



**Содржина:** Пеење песни по слух во опсег си мало-ре2

**Поими:** правилен пејачки став, вокална техника, интонација

**Стандарди:** Пее најмалку три (3) песни за деца и/или популарни песни во опсег си мало - ре со правилна вокална техника. Пее песни по слух со текст, индивидуално и во група, во одреден ритам и интонација, со одредено темпо и динамика и нивни промени.

*Забелешка:* Наставникот при годишното планирање прави избор од Програмата, за содржината- обработка на песни по слух. Во продолжение следува вообичаена постапка и предлог активности при реализација на оваа содржина

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

***Сценарио за час***

**Активност 1.**
Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија во врска содржината на песната која треба да се обработува. Како воведна активност може да користи техники (Бура на идеи, петоред, 5 зошто и сл.). Песната, според содржината, може да се поврзи со други предмети или да биде дел од интегриран наставен ден.

***Главни активности***
***-искуствено учење:***

Методски пристап при обработка на песна по слух:
- наставникот ги распејува учениците со C-dur скала и вежби за распејување;
-слушање на песната;
-разговор за содржината на песната и воочување на карактерот и жанрот;
- обработка на песната по делови (строфа, рефрен);
-пеење на песната со правилна вокална техника и интонација;
- меморирање на текстот;
-пеење во група и индивидуално;
-придружба со детски ритмички инструменти;
-примена на темпо и динамика;
-пеење со инструментална придружба од наставникот.

**Активност 2.**
При обработка на песна, наставнкот може да ги насочи учениците на следните активности:
-осмислување кореографија;
-ликовно изразување;
-драматизација;
- дебата во врска со содржината на песната;
-употреба на ИТ алатки за аудио снимање и изработка на анимиран спот;
-изработка на заеднички цртеж (хамер).

*Завршни активности*
*-извлекување заклучок:*

Учениците дискутираат за изведбата на обработената песна и даваат свое мислење за успешноста на изведбените активности (пеење, свирење, танцување). Може да се одбере најдобар пејач/ка, танцувач/ка и др. со вклучување на сите ученици при изборот. Притоа наставникот ги поттикнува да користат соодветни музички изрази за да го искажат своето мислење и став.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи со соодветна содржина, инструмент, хамер,.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, информатика, ликовно образование, природни науки, англиски јазик, техничко образование, физичко образование.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности.

*Забелешка:* Доколку наставникот направи избор на песна која не е застапена во програмата, мора да внимава на опсегот, содржината, уметничката вредност на песната и таа да биде прилагодена на возраста на учениците.
Пожелно е обработените песни да се повторуваат во текот на учебната година или да се подготви настап со соодветна кореографија, драматизација и костимографија која ќе ја осмислат учениците. Дел од предложените активности можат да се обработуваат и на часовите за слободни ученички активности.

***Препорачани композиции за реализација на темата:***
Калеш Анѓо – линковите се дадени во темата Слушаме музика
https://youtu.be/0CouXUNm6Ek – Некст тајм и Лозано: Ја излези Ѓурѓо
https://www.youtube.com/watch?v=bzsKjdCYF2Q – Никнало цвеќе шарено.
https://youtu.be/Cclx-3UwUH8 – Некст тајм: Јовка Кумановка
https://youtu.be/388Q44ReOWE – Action Songs for Children - Move and Freeze (интеграција со англиски јазик).
https://youtu.be/6QObE0zvN_E – KIDZ BOP Kids - Make Some Noise (Dance Along)
https://www.youtube.com/watch?v=4KbaJ_FWgHE&t=1217s - 32 – Dakika Kesintisiz Çocuk Diskosu Şarkıları/32 детски диско песни на турски јазик
https://youtu.be/Vik2jMfjq24 – Princesha Morina - Ne katun ka qka ska Muzikli Stilin kshtu e kam/
Принцеза Морина – Мојот музички стил

***Пеење и движење на музика (по избор на наставникот, според гласовните можности и индивидуални карактеристики на учениците) Детски песни***

https://www.youtube.com/watch?v=oVMyU7xgIWE – Ања Ветерова: Ео, Ео.
https://www.youtube.com/watch?v=3SlpiDdKOfI – Дајте музика: Црни, жолти, бели.
https://www.youtube.com/watch?v=hHJxpq37mYk – Шарени ноти: Ако е тајна.
https://www.youtube.com/watch?v=x9DqQZ0AADY – Супер ѕвезда 2011, Македонка Петреска: Луда
журка.
https://www.youtube.com/watch?v=3u8AvOo38iM – Петар Ѓуревски: АУТ.
https://youtu.be/7jM7JDRa-cc – Günaydın Çocuklar - Can Dostlar (Film Müziği)/Добро утро деца – Драги
пријатели (звучен запис), турски јазик.
https://www.youtube.com/watch?v=WvPLEcqY23o – Дарија Врачевиќ: Подигни глас (српски јазик).
https://www.youtube.com/watch?v=TTkVFaHPT1A – Gradski Dječiji Hor - Bosna i Hercegovina/ Градски детски хор – Босна и Херцеговина.
на албански јазик:
https://www.youtube.com/watch?v=Vik2jMfjq24 – Në katund ka çka nuk ka/Во село има и тоа што нема.
https://www.youtube.com/watch?v=PzDOUcM3N4A – Kush i hongër petullat/Кој ги изеде мекиците.
https://www.youtube.com/watch?v=ko9HPy5fuvI – Ditëlindja/ Роденденот.
https://www.youtube.com/watch?v=jBNiRWcV3IU – PRINCES KROFNE - Ritam srca/Принцес крофни – Ритамот на срцето (босански јазик).
https://www.youtube.com/watch?v=ULCaiHLCtMs – Фестивал „Чаворикано суно“ (песна по избор на наставникот).

# СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

**Содржина:** Свирење на детски музички инструменти

**Поими:** тонови до1, ре1, ми1, фа1, сол1, ла1, си1, до2; тонска скала, С-дур скала, стапало, тетракорд, цел степен, полустепен; абецедни имиња на тоновите; ритам: такт, тактова црта, дводелен (двочетвртински, 2/4) такт, триделен (тричетвртински, 3/4) такт, јако тактово време - јак удар, слабо тактово време - слаб удар, осмина нота, осмина пауза.

**Стандарди:** Повторува кратки ритмички и мелодиски целини по слух. Свири кратки ритмички вежби по нотен запис со една линија. Свири едноставни мелодиски вежби со изучените тонови во одреден ритам, со правилна техника по нотен запис со одредено темпо и динамика.

*Забелешка:* Наставникот при годишното планирање прави избор од предложените вежби за свирење на детски музички инструменти. Пожелно е детските музички инструменти да се користат и за придружба на песни, при слушање композиции или за слободно импровизирање.

***Воведни активности -активирање на предзнаењето:***

***Сценарио за час***

**Активност 1.**
Наставникот свири кратки ритмички мотиви, учениците ги повторуваат. Потоа, еден ученик свири еден мотив, следниот ученик го повторува и додава уште еден мотив и така продолжуваат по ред и останатите ученици. Оваа вежба е наменета за развивање на музичка меморија и насочено внимание.

***Главни активности -искуствено учење:***

Методски пристап при обработка на вежби со детски музички инструменти:
- наставникот ги насочува учениците да ја разгледаат вежбата;
-се вочуваат сите изучени елементи на музичка писменост (тонови, траење на нотите и паузите, такт, ритам и др.);
- ако вежбата е за еден инструмент, учениците ја изведуваат заедно а потоа индивидуално;
-ако вежбата има повеќе инструменти, учениците се делат во групи, се разработува секој инструмент одделно;
- вежбата се свири заедно и се внимава на усогласувањето, односно на точна ритмичка и мелодиска изведба;
- на вежбата се додаваат знаци за темпо и динамика и се изведува според знаците.

**Активност 2.**
Се формираат неколку групи за изведба на иста вежба. Учениците меѓусебно ја оценуваат изведбата, притоа давајќи усна повратна информација во која користат стручни поими.

**Активност 3.**
Наставникот ги поттикнува учениците да додадат текст на ритмичките и мелодиските вежби, притоа, да внимаваат правилното акцентирање на зборот да се совпаѓа со јаките и слабите тактови времиња.

***Завршни активности-извлекување заклучок:***

Сите обработени вежби се изведуваат на крајот од часот.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?

**Средства:** детски музички инструменти

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, информатика, техничко образование.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности.

*Забелешка:* Пожелно е обработените вежби да се повторуваат во текот на учебната година или да се подготви и реализира настап. Дел од предложените активности можат да се обработуваат и на часовите за слободни ученички активности.

## Ритмички вежби

Ритмичките вежби се изведуваат со ритмички детски инструменти (дајре, триангл, чинели, кастањети, барабанче, тропкалки). Може да се изведуваат и со инструменти кои ги изработиле учениците или пак движење на телото (пр. плескање со рацете - половина нота, тропкање со нозете - четвртина нота, кликање со прстите - осмина нота).

1. 

2. 

3. 

4. 

5. 

## Аранжмани за детски музички инструменти

Аранжманите се наменети за мелодиски и ритмички детски инструменти. Тоновите во петолинието можат да се изведуваат со ксилофон блок-флејта, металофон или друг мелодиски инструмент (пијано, виолина, флејта). Делниците на една линија се наменети за ритмички инструменти.

1. 

2. 

3.



4.



5.



# ЕКОЛОШКИ ОРКЕСТАР

**Содржина:** Музичко изразување и творење

**Поими:** слободно музичко изразување, творење/создавање

**Стандарди:** Свири на детски музички инструменти како придружба на изучените песни и вежби, креира кратки мотиви и фрази со ритмички и мелодиски инструменти во музичките игри и музичките приказни

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1.**
Наставникот и учениците претходно прават план за изработка на еколошки инструменти. Се набавуваат материјали (пласични шишиња, зрнести плодови, каменчиња, копчиња, чаши, бои, хартија, лепак и др.) и се изработуваат инструменти.
Предлози за инструменти:
- стаклени чаши се полнат со различна количина на вода. Во секоја чаша се става различна прехрамбена боја. Се добива воден ксилофон кој со дотурање на вода се штима според темперираниот систем. Звукот се добива со удирање на чашите со лажичка;
-пластични шишиња во кои се става песок, ориз, каменчиња, пченка и сл.;
-пластични чаши кои се превртуваат и се удира по дното.
Учениците даваат свои предлози. Се изработуваат инструментите а учениците го опишуваат звукот кој се добива.






*Главни активности -искуствено учење:*

**Активност 2.**
Откако ќе се изработат музичките инструменти, наставникот повикува еден ученик (солист) да отсвири кратки ритмички мотиви или фрази а останатите ученици да ги повторат на ист начин на своите инструменти (оркестар). Наставникот ги поттикнува учениците да бидат во улога на солисти.

**Активност 3.**
Наставникот дава насоки за активноста. Учениците застануваат во круг. Еден ученик започнува со еден ритмички мотив. Следниот ученик треба да го повтори и да додаде уште еден мотив (во траење од еден такт). Така сите ученици натаму го свират претходното и дополнуваат со свој мотив. Ако некој ученик згреши, излегува од кругот и играта почнува од почеток. Победник во играта е ученикот што нема да направи грешка во повторувањето.

**Активност 4.**
Учениците одбираат една детска песна и осмислуваат аранжман. Наставникот ги насочува да се поделат во неколку групи според звукот на изработениот инструмент (мек, остар, гласен, тивок и сл.). Учениците се договараат која група ќе свири во првиот дел, која група во вториот дел, или сите заедно. Исто така, се договараат која група на инструменти свири на прво време и второ време и сл. Со ова, покрај што учениците сами создаваат аранжман, ги повторуваат и утврдуваат веќе стекнатите знаења за траење на нотите, музички форми, тактови и др.

***Завршни активности***
***-извлекување заклучок:***

**Активност 4.**
Учениците со меѓусебно оценување избираат најдобар инструмент во неколку категории:
- инструмент со најпријатен звук;
- најкреативна изработка;
- најоригинален инструмент;
- најеколошки инструмент.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** Стаклени чаши, лажичка, пластични шишиња и чаши, природни материјали.

**Меѓупредметна интеграција:** техничко образование, ликовно образование, природни науки.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности.

# МУЗИКА И ДВИЖЕЊЕ

**Содржина:** Музичко изразување и творење

**Поими:** слободно музичко изразување, творење/создавање

**Стандарди:** Создава и изведува едноставни кореографии и движења за музички игри и драматизации, соодветно на карактерот на музиката.

*Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1.**
Наставникот пушта фрагменти музика од различни жанри. Учениците танцуваат според музиката а на главата имаат харитени марамчиња. Кој ќе издржи најдолго со марамчето на глава е победник.



*Главни активности -искуствено учење:*

**Активност 2.**
Наставникот прави избор од 4 композиции од различни жанри (од програмата): народна, популарна, детска и класична композиција. Со ливчиња со симболи ги дели учениците во 4 различни групи и секоја група избира по една композиција. Учениците имаат задача да осмислат кореографија во која ќе пеат, ке танцуваат а може да употребуваат и ритмички детски инструменти. Секоја група работи посебно и го планира својот настап со едноставна кореографија. Потоа, се изведуваат кореографиите. Додека една група настапува, другите ученици се публика, но и тие танцуваат за поддршка. На крајот од секој настап се добива аплауз.
По завршувањето, секоја група дава оцена за другите групи во неколку категории: автентичност во изведбата (според жанрот), драматизација (според текстот, карактерот), усогласеност на движењата. Секоја оцена се образложува со аргументи.

**Активност 3.**
Наставникот дава насоки за активноста. Учениците стојат во круг. Еден ученик стои во средина. Останатите ученици во кругот танцуваат според насоките кои ги дава друг ученик, но скришно. Ученикот во средината треба да открие кој ги дава насоките за танцување.
Наставникот може да избере различни жанри музика за танцување.

*Завршни активности -извлекување заклучок:*

**Активност 4.**
Наставникот демонстрира видеозапис *од Ритам игра со рок, хип-хоп, латино ритам и диско,* а учениците со пластични канти, стапчиња, тропалки и сл. го повторуваат ритамот. Можат да се користат и претходно изработените инструменти или два моливи и да се тропка на клупа.

https://www.youtube.com/watch?v=0wuh7NPeB6Q&list=RDgmX-uTShhAgo&index=21

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео записи, пластични канти, стапчиња, хартиени марамчиња

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, англиски јазик, физичко образование.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# МУЗИЧКИ ИГРИ

**Содржина:** Музички игри

**Поими:** пеење, играње, танцување, популарни танци.

**Стандарди:** чествува во музички игри со пеење и свирење на детски музички инструменти,искажува свое мислење за успешноста на изведбата.

*Воведни активности -активирање на предзнаењата::*

*Сценарио за час*

**Активност 1.**
Наставникот ги поттикнува учениците на разговор во врска со нивниот омилен музички настан кој го проследиле во живо или на ТВ. Учениците го опишуваат настанот. Наставникот ги поттикнува со прашањата: Кој настапуваше? Дали покрај музика имаше танцување, костимографија, сценографија? Зошто ви се допадна?

*Главни активности -искуствено учење:*

**Активност 2.**
Наставникот ги дава насоките за следната активност. Најпрво, учениците заедносо наставникот избираат песна која ја знаат сите ученици. Во училницата има три одбележани места: пеење, танцување и свирење. Учениците се делат во три групи и секоја група застанува на определеното место. Кога ќе почне музиката, учениците од едната група пеат, втората група придружуваат со детски ритмички инструменти а третата група танцуваат. На даден знак, групите се менуваат.
Измените се прават три пати, така што секој ученик учествува во сите три групи. На крајот од композицијата, учениците треба во исто време да пеат да танцуваат и да се придружуваат со инструменти (може и моливчиња или други предмети со кои може да се држи ритам или едноставно, плескање со рацете).
Наставникот за цело време ги координира групите, дава знак за промена, им помага на учениците во осмислување на движењето и сл.
На крајот на изведбата, учениците го коментираат својот настап, колку бил успешен, што треба да се подобри и сл. Потоа, уште еднаш се изведува композицијата.

**Активност 3.**
Наставникот презентира видео со тактирање на познатмузички хит, каде песната се придружува со тропкање со нозете, кликање со прстите , плескање со рацете (body percussion). Меѓутоа, сето тоа е добро организирано со точни ритмички целини претставени со ноти. Учениците го проследуваат видеото и ги изведуваат движењата. Потоа одбираат друга песна и осмислуваат движења кои треба да ги претстават ритмички и да ги одбележат со симболи.

https://youtu.be/Zuuf6d9gWqg

**Активност 4. Подиум за танцување**
Учениците, на весници поставени на подот, изведуваат движења со нозете и рацете, следејќи ја музиката што им ја пушта наставникот. При промена на музиката (промена на музичките изразни средства или видот на музиката) учениците го свиткуваат весникот на половина, па на четвртина итн. Притоа, учениците мора да останат на весникот.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

Учениците дискутираат за музичките игри. колку успешно се изведени, што се утврди преку нив од изучениот материјал, колку им беа забавни. Наставникот ги поттикнува во слободното време да осмислуваат кореографии или да осмислат свои музички игри и кои ќе ги претставaт пред останатите ученици.

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видео записи, аудио и видео ЦД со соодветна содржина, клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички темпериран инструмент

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, англиски јазик, физичко образование.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности;
Придонес во изведувањето на заклучоците.

# МУЗИЧКИ ИГРИ

**Содржина:** Музички игри

**Поими:** пеење, играње, танцување, популарни танци.

**Стандарди:** Изведува движења со точен ритам, темпо, правилна ориентација во просторот, со реагирање на динамиката, темпото, артикулацијата и разликите во музичките целини.

*Воведни активности*
*-активирање на предзнаењата:*

*Сценарио за час*

**Активност 1.**
Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија, на кој жанр на музика најмногу сакаат да танцуваат. Дали карактерот на композицијата е поврзан со танцувањето? Дали движењата се различни ако композицијата е во брзо или бавно темпо? Дали танцувањето е различно ако свири еден инструмент или има нагласен ритам?
Учениците одговараат и даваат примери за омилена композиција за танцување.

*Главни активности*
*-искуствено учење:*

**Активност 2.**
Наставникот споделува неколку видеа со кореографија, учениците ги проследуваат и одбираат која кореографија им е најинтересна. Потоа ги совладуваат движењата. По увежбувањето, наставникот пушта само аудио снимка а учениците ги изведуваат движењата.

https://youtu.be/388Q44ReOWE https://youtu.be/6QObE0zvN_E https://youtu.be/_wSq0ZOHugg

**Активност 3.**
Наставникот ги поттикнува учениците да создаваат сопствени кореографии на предложени песни. На секоја песна избира лидер кој ќе покажува танцувачки видеа а другите ученици го следат. Секој ученик треба да биде во улогата на танцувачки лидер. Ги кажува насловите на песните и им објаснува на учениците дека некои песни се на друг јазик, но, карактерот на песната ќе го почувствуваат преку мелодијата и ритамот.

https://youtu.be/oVMyU7xgIWE

https://youtu.be/ybY5zriKpWI

https://youtu.be/Vik2jMfjq24

https://youtu.be/bxWxXncl53U

**Активност 4.**
Наставникот презентира видео примери од поддржување на ритамот на композицијата со одредени движења на телото (body percussion) и ги насочува учениците да ги изведат. Потоа ги мотивира учениците сами да осмислат движењана композиција по избор.

https://youtu.be/0PMOOYSW1tw

*Завршни активности -извлекување заклучок:*

Учениците дискутираат за музичките игри, колку успешно се изведени, што се утврди преку нив од изучениот материјал, колку им беа забавни. Наставникот ги поттикнува во слободното време да осмислуваат кореографии или да осмислат свои музички игри кои ќе ги претставаат пред останатите ученици,

**Рефлексија:**
Се води дискусија во врска со прашањата:
1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?

**Средства:** уреди за репродукција на аудио и видеозаписи, аудио- и видеозаписи, весници.

**Меѓупредметна интеграција:** македонски јазик, англиски јазик, физичко образование.

**Следење на напредокот:**
Усни одговори на прашањата за дискусија;
Придонес во активностите во група или самостојно;
Активно учество во изведбените активности.

# ПРИЛОЗИ



*Превод на песните на албански јазик*

## Vëlla i dashur




## Kënga e notave




## Fëmijë thuani këngës



## BUKURIA E VJESHTËS




## VITI I RI



## VALLËZIMI I FJOLLAVE




## KËNGË PRANVERORE



## POROSI EKOLOGJIKE




## USHQIM I SHËNDETSHËM



*Превод на песните на турски јазик*

## CANIM AĞABİCİM




## TONLARLA İLGILI BİR ŞARKI




## Şarkı söyleyen çocuklar



## SONBAHAR GÜZELİĞİ




## YENI YIL ŞARKISI



## KAR TANELERİ BİR VALS



Be-yaz kar tane-le-ri val-sı oy-nu - yor- lar her-şey si- hi-rli ve bem be- yaz



pa-rıı-tıyla ha-fif-çe oy-na-ya-rak ki böl-ge-mi- ze kı- şı ge- tir- dik



Be-yaz kar tane-le-ri val-sı oy-nu - yor- lar her-şey si- hi-rli ve bem be- yaz

## BAHAR ŞARKISI



Bül-bül bir şar- kı söylü- yor rüz-gar sa- kin- ce esi- yor



Kar-de- len başı- nı kal- dırdı ar- tık kı- şın yok bu- ra- da



Ba -har bö - lge- me u- laş- tı ye- şil- li reng-a- renk bir cen-net - ir

Bah-çe- de çi- çek çok ko- ku- yor ba-har- da çi- çek gü- ze- li- ği- di

# ÇEVRE ŞARKISI




# SAĞILIKLI YİYECEK



*Превод на песните на српски јазик*

## ДРАГИ БАТО



Дра -ги ба - то дра - ги ба - то спа- ваш ли? спа - ваш ли?



зво-на кад за- зво- не зво-на кад за- зво- не динг, данг донг динг данг донг

## ПЕСМА О ТОНОВИМА



ДО хо-ће до-ру-чак РЕ ре-пе-те МИ пи-је мно-го мле-ка ФА хо-ће СО



ЛА пи-је ли-му-на-ду СИ је-де чо-ко-ла-ду сви по-је-ду је-дан сла-дак сла- до- лед.

## ДЕЦА РАСПЕВАНА



Хај -де де- цо сви у хо - ру пе -сму да за - пе - ва - мо



дру-гар - ство да цве - та љу -бав це -лог све - та

му - зи - ка да бу - де о - ко да смо сви рас- пе - ва - ни.

## ЕСЕН




## НОВОГОДИШЊА



## ВАЛЦЕР СНЕЖНИХ ПАХУЉИЦА




## ПРОЛЕЋНА ПЕСМА



## ЕКОЛОШКА ПОРУКА




## ЗДРАВА ХРАНА



*Превод на песните на босански јазик*

## DRAGI BATO




## PJESMA O TONOVIMA




## DJECA RASPJEVANA



## JESEN




## NOVA GODINA



# VALCER SNJEŽNIH PAHULJICA




# PROLJEĆNA PJESMA



# EKOLOŠKA PORUKA




# ZDRAVA HRANA



ПАВЛИНКА ВЕЉАНОСКА

# РАСТЕМЕ СО МУЗИКА 5

Материјали за учење по Музичко образование
**петто одделение**



м-р Павлинка Вељаноска

# РАСТЕМЕ СО МУЗИКА

Материјали за учење по Музичко образование

петто одделение





Драги ученици!

На часовите по Музичко образование усвојувате знаења за музиката, со кои ќе можете да уживате во неа. Материјалите за учење се наменети за утврдување на добиените знаења. Тие служат за потсетување на основните поими кои се усвоени на часот и задачи кои се наменети за утврдување на знаењето. Можете да ги работите самостојно во домашни услови или за време на часот. За успешно совладување на содржините следете ги знаците:

 Размисли и одговори!

 Проследи!

 Научи!

 Дознај повеќе!

## Уживајте во светот на музиката!



# ВИНОЖИТО ОД МУЗИКА

- Каков вид на музика најмногу сакаш да слушаш?
- Кои се твоите омилени изведувачи?
- Колку музика слушаш во текот на денот?
- Дали знаеш да свириш некој инструмент?
- Дали често пееш?

Музиката може да се **пее**, да се **свири** или **истовремено да се пее и да се свири.** Музиката која се изведува со човечки гласови се нарекува **вокална.** Ако музиката се изведува со инструменти, се нарекува **инструментална.** Ако се пее и се придружува со инструменти се нарекува **вокално-инструментална**.
Музиката може да се изведува само со еден изведувач - **соло**, неколку изведувачи, односно, помали состави - **камерна музика** и поголеми состави - **хор или оркестар**. Таквите состави можат да изведуваат различни стилови на музика и тоа: класична, популарна и народна музика, детски песни. Исто така, некоикомпозиции можат да имаат и различни преработки.

***Вивалди: Лето - 3. став, виолина и оркестар***
https://www.youtube.com/watch?v=nJTfG1MmMwQ

***Вивалди: Лето - 3. став, рок обработка***
https://youtu.be/fTFDpgHeDEE

***Hej romale – Koncert ke Dni studenstva 2014, ромска музика со симфониски оркестар, хор.***
https://www.youtube.com/watch?v=HFx6JRTpPGE

***Shakira: Try everything – One voice children choir (детски хор).***
https://www.youtube.com/watch?v=tupHY8CCZXs

Истражувај за жанрот World music. Тоа е глобален жанр кој се заснова на популарни стилови, во кои се вметнува фолклор од различни култури.

***Задача 1.*** Избери 3 композиции од различни жанрови (класична, поп и народнамузика) по твој избор. Ислушај ги и пополни ја табелата.

| *наслов на композицијата* | *композитор* | *жанр* | *вокална, инструментална или вокално-инструментална?* | *соло, камерна, оркестар или хор?* |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

***Задача 2.*** Напиши состав на тема ,,Сите бои на музиката”.

# ХАРФА

- Како се нарекува музиката која се изведува со човечки гласови?
- Како се нарекува музиката која се изведува со инструменти?
- Наброј кои инструменти ги знаеш!
- Дали знаеш некој жичен инструмент?

Харфата е жичен трзачки инструмент. Тонот се добива со трзање на жиците. Има форма на триаголник. Харфата ги има следните делови: постамент, мост, резонантно тело, врат и чивии. Вертикално се поставени 46 или 48 жици на кои се свири со прстите од двете раце. Секоја жица C (до) е црвенаа секоја F (фа) е сина, што ја олеснува ориентацијата на изведувачот при свирењето. Харфата има 7 педали, за секој основен тон по една. Педалите ги затегнуваат или ги опуштаат жиците, а со тоа се добива повисоки и пониски тонови за полустепен.



Звучен пример:
*Тема од музиката од анимираниот филм „Убавицата и ѕверот”*
https://youtu.be/cS5d2wD8OoI

Варијанти на инструментот харфа се најстарите жичени инструменти во античкиот свет. Харфата ја познавале древните култури на Египчаните, Сумерците, Кинезите, Индијците, Грците. Денес се среќава во различни форми и големини како фолклорен инструмент кај многу народи.

***Задача 1.*** Поврзи!



***Задача 2.*** Дополни!

Харфата спаѓа во групата на

....................................... инструменти.

Харфата има

............................ жици.

Харфата има форма на

.........................

# МАНДОЛИНА

- Дали на ист начин се свири на сите жичени инструменти?
- Направи споредба помеѓу начинот на свирење на виолина и харфа!
- Дали формата на жичените инструменти е иста?

**Мандолината** е жичен трзачки инструмент (италијански mandolino- мал бадем), кој се појавил во Италија во 16 век. Набргу станал популарен инструмент во фолклорот на многу земји. Мандолината има тело, врат и чивии за жиците. Има вкупно 8 жици. Тие се групирани по две и се штимаат на ист тон. Тонот се добива со повлекување на двете жици одеднаш, со трзалка, со брзо движење на десната рака нагоре-надолу. Металните жици произведуваат јасен, ѕвонлив и милозвучен звук. Овој инструмент може да биде солистички, камерен и оркестарски. Освен во фолклорот на некои народи, се применува и во класичната музика и во училишните оркестри.



Звучен пример:
***Вивалди-Лето, 3 став***
https://www.youtube.com/watch?v=P2LNOKEJzmM

Постои цела фамилија на инструменти, слични на мандолината, кои имаат поголемо резонантно тело и имаат подлабок звук. Тоа се: октава мандолина, мандола, мандочело и мандобас.

***Задача 1.*** Опиши ја мандолината според насоките:

| **форма** | **звук** | **начин на свирење** |
|---|---|---|
| | | |

***Задача 2.*** Напиши ги сличностите и разликите помеѓу инструментите харфа и мандолина



# ТРУБА

- Присети се на инструментите флејта и кларинет.
- Во која група на инструменти спаѓаат?
- Од каков материјал се изработени?
- Кои други дувачки инструменти ги знаеш?

Трубата е лимен дувачки инструмент. Се состои од цилиндрична цевка, која завршува во форма на инка. Усникот во кој се вдувнува воздух, има форма на метална чашка. Се свири со помош на три вентили и посебна техника на вдувнување на воздухот. Со трубата се исполнува класична, забавна, џез и народна музика. Може да биде оркестарски, камерен и соло инструмент.



*Јохан Хумел - Рондо од Концерт за труба во Е-дур*
https://www.youtube.com/watch?v=B1eyZAedhY4

Се смета дека трубата потекнува од Египет од 1500 година п.н.е. и се користела, главно, за воени цели, како сигнален инструмент, за најава на битка. Дури кон крајот на 14 век, металните труби почнале да се сметаат за музички инструмент. Од 16 до 18 век се создадени други форми на труби, како што се природната труба без вентили и труба со вентили.

***Задача 1.*** Испечати го листот, изрежи ја сложувалката, измешај ги деловите и пробај да ја наредиш.



# ЗУРЛА

• Присети се на народниот инструмент кавал.

• Во која група на инструменти спаѓа според начинот на добивање на звук?

• Од каков материјал е изработен?

• Дали знаеш други древни дувачки инструменти?

Зурлата е македонски народен инструмент. Изработен е од црешово или сливово дрво. Формата претставува конусна цевка, на која има 7 отвори одгорната страна и еден отвор од долната страна, како и издувни отвори во долниот дел.
Има трска (славец) со диск (медник), во горниот дел, каде се вдувнува воздух. Зурлата има гласен и продорен тон. Речиси секогаш е придружувана од тапани. Најчеста комбинација е двезурли и тапан.



***Тешкото - народно оро во изведба на Танец***
https://www.youtube.com/watch?v=3h3BI4SotcI

Зурлата е македонски народен инструмент, но се среќава во народната музика на многу други народи и тоа: Ерменија, Бугарија, Хрватска, Турција, Азербејџан, Ирак, Курдистан, Грција, Асирија, Иран, Израел, Авганистан, Албанија, Босна и др.

***Задача 1***. Пополни ја табелата. На почетокот на часот размисли што знаеш за зурлата и запиши во колоната **знам**. Потоа, пополни ја колоната **сакам да знам**, со сите прашања што те интересираат за зурлата. На крајот од часот пополни ја третата колона – **учам**, со одговорите на прашањата кои ќе ги добиете од наставникот и сите нови знаења кои ќе ги усвоиш на часот.

| знам | сакам да знам | учам |
|---|---|---|
| | | |

***Задача 2***. Нацртај зурла со што ќе ја претставиш нејзината форма и деловите од кои е составена.

# КАНОН

- Наброј неколку жичени инструменти!
- Дали инструментите кои ги знаеш се класични или народни?
- Каков жанр на музика може да се исполнува со нив?
- Кои народни инструменти ги познаваш?

Канон (канун) е жичен народен инструмент кој се среќава во фолклорот на повеќе народи. Има трапезоидна форма и најчесто е изработен од јаворово или слививо дрво. На основната подлога (корпус), оптегнати се од 24 до 27 жици, кои се групирани по три (наштимани унисоно). Се свири со прстите од двете раце, на кои се ставаат метални напрстоци, со кои се трзаат жиците.



*Ако одам во Битола, инструментална музика, канон, синтисајзер, кларинет.*
https://www.youtube.com/watch?v=C7efPWzQ-m0

Канонот е застапен во македонската народна музика и тоа најчесто, во составот чалгии, кој претставува посебен жанр во нашиот фолклор. Канонот, покрај во народната музика на народите во регионот, застапен е како народен инструмент на народите на Блискиот и Средниот Исток, Северна и Западна Африка и Централна Азија.

***Задача 1***. *Игра за меморија* (може да се работи индивидуално и во група)
Изрежиги сликичките, преврти ги и со отварање, пробај да споиш две исти.
Именувај ги инструментите.














# УТВРДУВАЊЕ НА ИЗУЧЕНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ

***Задача 1.*** Со сина боичка заокружи ги народните инструменти а со црвена боичка класичните инструменти. Именувај ги.
















***Задача 2.*** Одговори на прашањата (според сликичките погоре)

1.Кој од дадените инструменти е :

ударен--------------------------------------------------------------------------------

жичен---------------------------------------------------------------------------------

дувачки------------------------------------------------------------------------------

2. Кој инструмент има најголем број на жици?------------------------------------

# ПО ТРАГИТЕ НА ЕДНА ПЕСНА

- Која е твојата омилена народна песна?
- За што се зборува во неа?
- Дали знаеш од кога потекнува?
- Дали си слушал/а различни изведби на твојата омилена песна?

**Народните песни** претставуваат дел од богатотото културно наследство на еден народот. Тие се пренесувале по пат на усно предание. Нивниот автор е непознат (анонимен), но, при пренесувањето од колено на колено се надополнувале, се менувале, па затоа има повеќе варијанти на една песна и се смета дека автор е народот. Според соржината, можат да бидат љубовни, родољубиви, трудови, хумористични, во нив се пее за историското минато и сл.
Народните песни се инспирација за многу современи изведувачи и композитори. Тие ги обработуваат и ги изведуваат на свој начин, притоа, задржувајќи ја нивната убавина. Ова е начин, народните песни да се популаризираат, односно да допрат до поголем број на слушатели.

*Виолета Томовска и Кирил Манчевски – Калеш бре Анѓо*
https://www.youtube.com/watch?v=3GmipRk3fYE

**Руски државен симфониски кино оркестар, хор, солист - Мари-Ен Измајлов**
https://www.youtube.com/watch?v=aGamGhv5H0I

Истражувај на Интернет за различни начини на изведба на македонската народна песна ,,Елено ќерко”. Воочи го начинот на изведба од различни изведувачи. Одбери ја изведбата која најмногу ти се допаѓа.

***Задача 1***. Пробај да ја испееш песната ,,Калеш бре Анѓо". Можеш да создадеш твоја оригинална изведба. Може да ти послужи линкот со инструментална изведба на песната, а можеш да се придружуваш и сам/а со инструмент, тропкалки и сл.

https://youtu.be/5R33hzaFhPw



**Ајде слушај, слушај калеш бре Анѓо**

Ајде слушај, слушај, калеш бре Анѓо,
што тамбура свири.
Тамбурата свири, калеш бре Анѓо,
анама да бидиш.
Анама да бидиш, калеш бре Анѓо,
на чардак да седиш.
На чардак да седиш, калеш бре Анѓо,
жолтици да броиш.
Жолтици да броиш, калеш бре Анѓо,
бисери да нижиш.
Бисери да нижиш, калеш бре Анѓо,
на грло да редиш.
Ајде, слушај, слушај клето бре Турче,
анама не бивам.
Анама не бивам, клето бре Турче,
турски не разбирам.

***Задача 2***. Напиши текст во кој ќе опишеш најмалку две различни изведби на песната ,,Калеш бре Анѓо" а на крајот напиши твој осврт (мислење) која изведба ти се допаѓа повеќе и зошто.

# СО ИГРА И ПЕСНА ЗАЕДНО ДА РАСТЕМЕ

- Дали си се запознал/а со другарче кое има различен мајчин јазик од твојот?
- Колку знаеш за неговата/нејзината култура?
- Дали имате заеднички песни кои сакате да ги пеете?

Нашата држава е мултиетничко и мултикултурно општество. Тоа значи, дека треба да се почитуваме меѓусебно, покрај различното етничко потекло, а различните култури да бидат нашето богатство.
Народните песни и игри треба да бидат нашиот мост на пријателство и соживот, затоа што музиката ја има универзалната моќ да ги соединува народите. Колку подобро се познаваме, толку посложно ќе живееме!



***A Balkan Dance Medley!***
https://youtu.be/Jkv4yO3fzss

*Видеото е направено од познат грчки јутјубер кој ги обработува фолклорот на повеќе народи, во овој случај, на сите балкански народи. Тој сам игра и прави видеа на оригинален начин

Во македонскиот фолклор и во фолклорот на другите народи кои живеат во нашата држава, многу често се среќаваат исти или слични мелодии на различен текст и јазик. Тоа е уште еден пример за заедничкото живеење во мултикултурно општество. Убавата песна нема граници, па така истата мелодија се препејувала на различни јазици на другите народи кои живеат во нашата држава.

*Задача 1.* На илустрациите се прикажани дечиња, облечени во македонска народна носија и во народни носии на на етничките заедници кои живеат во нашата држава. Сите заедно живееме, но сите имаме свои народни песни, ора и обичаи. Запознај ги другарчињата Срби, Роми, Албанци, Власи, Бошњаци и Турци. Впиши ја нивната етничка припадност.















*Задача 2.* Реши го анаграмот!

| т | е | н | г | р | о | ц | с | и |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 9 | 1 | 2 | | 3 | 2 | | 4 | 5 | 2 | 2 | | 9 | 8 | 1 | 6 | | 8 | 6 | 3 | 7 | 4 |

# МУЗИЧКО ПАТУВАЊЕ



- Дали си имал/а можност да проследиш народна игра или песна поразлична од народните песни и игри на твојот народ?
- Колку сакаш да знаеш за музичкиот фолклор на други народи?
- Што, според тебе, се искажува преку музичкиот фолклор?



Музичкиот фолклор на еден народ го сочинуваат песните, игрите и народните инструменти. Преку нив се искажува културното и историското минатото, начинот на живеење, темпераментот, навиките, обичаите. Секогаш треба да го негуваме и чуваме нашиот фолклор како наше најголемо богатство, но да покажеме интерес и почитување кон фолклорот на другите народи.

*„Ако сакаш подобро да запознаеш еден народ, запознај го неговиот фолклор”*



***Ла распа (Мексико)***
https://www.youtube.com/watch?v=HV51aBY3hxI

**Калинка (Русија)**
https://www.youtube.com/watch?v=yGxJCLhc3bk

**Самба (Бразил)**
https://www.youtube.com/watch?v=DEDEWr89_EQ

***Ба-инглес (Филипини)***
*https://www.youtube.com/watch?v=w_y08enGNAk*



Истражувај на Интернет за музичкиот фолклор на различни народи, од секој континент по една игра или песна. Обрни внимание колку се различни или слични. Изработи презентација или постер (корисејќи ИКТ алатки), од твоите сознанија од истражувањето.

*Задача 1.* Поврзи!



Шпанија



Кина



Африка



Австралија (Абориџини)



Индија

Доколку овие фотографии предивикаа љубопитност кај тебе, истражувај повеќе за фолклорот на овие народи.

# БАЛЕТ

• Дали сакаш да танцуваш?

• На каква музика сакаш најмногу да танцуваш?

• Дали твоите движења при танцувањето се различни, зависно од тоа, на каква музика танцуваш?

• Дали знаеш што е тоа пантомима?

Балетот е музичко-сценско дело. Има содржина-сиже, која балерините и балетаните ја искажуваат преку движење на телото и мимики и гестикулации на лицето. Костимите и сценографијата се изработени според содржината на балетот. Најчесто се изведува во придружба на класична музика. Поради својата висока техничка сложеност и естетска вредност, балетот се смета за најпрестижна форма на танц. Покрај класичниот балет, постојат модерен и неокласичен балет.



*Извадок од балетот ,,Оревокршачка”*
*(Танц на шеќерната самовила) -П.И.Чајковски*
https://youtu.be/077BgT3h6As

Карактеристично за танцот на балерините е дека стојат на прсти. Тоа го прават со помош на посебни балетанки кои имаат цврст дел на прстите кој им овозможува да го изведат својот танц. Додека, балетаните носат меки балетанки кои им овозможуваат лесни скокови и вртења.

***Задача 1***. На сликата се претставени основните 5 позиции во балетот. Потруди се да ги изведеш.



*Положба на телото*




*Положба на стапалата*

***Задача 2***. Реши го крстозборот.



1. Вид модерен танц
2. Изведувач на музиката во балетот
3. Познат балет од П.И.Чајковски
4. Вид уметнички танц

# МЈУЗИКЛ

• Што е театар?

• Која е разликата помеѓу театарска претстава и филм?

• Сигурно сте имале претстава во училиштето за некој празник во која сте глумеле и пееле.

• Дали подготвивте сцена и костими?

**Мјузикл** (музички театар) е жанр во театарската уметност во кој се глуми, се пее, се танцува. Има соодветна сценографија, костимографија и придружба во живо од оркестар или бенд. Мјузиклот настанал на почетокот на 20 век како потреба за забава на театарската публика. Содржината на мјузиклот може да биде тема од секојдневниот живот, приказна, преработено книжевно дело и сл.
Покрај театарскиот мјузикл, во кој целото дејствие се одвива во живо на сцената, постои и филмски мјузикл (музички филм). Во филмскиот мјузикл, актерите изведуваат песни со кои го развиваат драмското дејствие.

*Мјузикл ,,Кралот лав” (фрагмент)*
https://youtu.be/ewOAsUWQJvo

Бродвеј е улица во Њујорк, во која има многу театри, во кои се изведуваат најпопуларните мјузикли во светот. Затоа, оваа улица е наречена светски центар на мјузиклите. Во една вечер се изведуваат околу 30 различни мјузилки. Најпопуларни мјузикли се: Фантом во операта, Приказни од западната страна, Кралот лав, Волшебникот од Оз, Мачки, Чикаго и др.

***Задача 1.*** Изработи постер-плакат за мјузикл на кој сам/а ќе му дадеш наслов и тема. Напиши  ги сите битни информации кои се потребни: наслов, музика, сценарио,учесници, време и место на одржување и сл.

***Задача 2.*** Наведи ги сличностите и разликите помеѓу балет и мјузикл.

сличности

разлики

# МУЗИКАТА ВО АНИМИРАНИТЕ ФИЛМОВИ

- Кој е твојот омилен анимиран филм?
- Што се раскажува во него?
- Дали ја воочуваш музиката во анимираниот филм?
- Каква улога има музиката во анимираните филмови?

**Музиката во анимираните филмови** има многу важна улога. Таа често ги следи движењата на главните јунаци и помага при нивна анимација.
Музиката е напишана од композитори и често е изведувана од симфониски оркестар. Има и многу познати песни кои се дел од анимираните филмови. Тие песни се вметнати во драмското дејство и преку нив, главните ликови продолжуваат да ја раскажуваат приказната.



*Најдобрите 30 песни од Дизни филмовите*
https://youtu.be/KkBZRnBaBV0

Традиционалниот начин на изработка на анимиран филм е со цртање на фолија. За објектот да се анимира една секунда, потребни се 24 цртежи. Друг начин е кадар по кадар техника т.н. stop animation, во која се користат кукли, играчки, пластелин. Тие се сликаат, се прави монтажа и тие се придвижуваат.
Денес, најчесто се користи начинот со компјутерски генерирана

***Задача 1***. Проследи ги видеата во кои се прикажани едноставни начини на изработка на анимација. Пробај да изработиш своја анимација. Можеш да ја изработиш во стара книга или тетратка. Кога анимацијата ќе биде готова, пробај да ја збогатиш со гласовни ефекти кои ќе ги изведиш.

https://youtu.be/Bg1OOvN6QtA https://youtu.be/Bg1OOvN6QtA https://youtu.be/7tfNf07HFkE

***Задача 2***. Проследи го видеото од цртаниот филм ,,Том и Џери”, без звук. Потоа гледај го со звук. Опиши ја накратко улогата на музиката во овој цртан филм.

https://youtu.be/qKonOHS7El4

***Задача 3***. Проследи го видеото за да воочиш на кој начин се создава музиката за цртани и анимирани филмови

https://youtu.be/M_CxY6JyfFA https://youtu.be/19piJKYvBFU

# ФИЛМСКА МУЗИКА

- Дали често гледаш филмови?
- Дали ја воочуваш музиката во филмот?
- Што мислиш, која е улогата на музиката во филмот?
- Кој е твојот омилен филм?
- Каква е музиката во твојот омилен филм?

Филмската музика е дел од секој филм. Иако неупадлива, влијае на чувствата на гледачот. Филмската музика го поддржува и засилува драмското дејство, го дообјаснува изразот на актерите, може да даде трагичност или комичност на сцената и сл. Затоа и стилот на музиката зависи од тоа, какви емоции сака да предизвика режисерот. Може да се изведува со оркестар, неколку инструменти, гласови и сл.
Исто така понекогаш има и песни кои се дел од филмот, но се изведуваат и самостојно и се големи хитови.





Звучен пример:
***Тема од филмот Хари Потер***
https://youtu.be/y7ztg9t7aJo

Со развојот на технологијата, многу композитори кои компонирале филмска музика, својот интерес го насочуваат кон компонирање на музика за видео-игри. Тие соработуваат со програмерите на видео-игрите и ги надополнуваат со мелодии и звучни ефекти, поврзани со тактилноста (допирот), реакцијата и комплетното доживување.



***Проектна активност: Мојот прв краток филм***

Изработи краток филм на тема ,,Моето училиште”



- Напиши сценарио (што сакаш да опфатиш во твојот филм)

- Нацртај ја твојата идеја (storyboard)



(пример)



(пополнет пример)



- Снимај според сценариото. Можеш со мобилен телефон.



- Снимениот материјал префрли го во компјутер и потоа обработи го во програмата Movie Maker или друга програма по избор (апликација на мобилен телефон).

- Избери музика која ќе одговара на снимениот материјал и вметни ја при монтажата.



- Промовирај го твојот филм пред учениците и наставниците!



# ПОПУЛАРНА МУЗИКА

- Која е твојата омилена поп песна?
- Кој ја изведува?
- Дали знаеш да ја пееш?
- Дали танцуваш кога ја слушаш?

Популарната музика е најслушан жанр на музика, посебно кај младата популација. Најчесто, е лесна за слушање со едноставни мелодии и певливи рефрени.
Ја изведуваат пејачи, пејачки, бендови и поголеми состави (пр. оркестар или хор).
Во популарната музика има многу под-жанрови (различни стилови) како што се: поп, рок, рап, хип-роп, Р'Н'Б, електронска музика, џез, фанк, латино, диско-музика и др.

Звучен пример:
***Еволуција на поп музиката (1950-2020)***
https://youtu.be/pbXo2VOJZ5c

*Неколку факти за популарната музика:*
-Терминот поп музика прв пат се употребува во 1950 год., кога рокенрол музиката била популарна кај тинејџерите.
-Денес постојат стотици различни видови на поп музика.
-Елвис Присли бил рокенрол музичар и една од првите светски поп-музички ѕвезди, за кои се зборува и денес.
-Битлси се популарен бенд со светска слава.
-Најпопуларен жанр во 1970-тите е диско музиката, а една од најпознатите поп групи во таа деценија е шведската поп група АББА. Дополнителен факт за поп групата АББА е дека тие се прославиле по настапот на Евровизија со нивниот хит „Ватерло“.

***Задача 1.*** Биди новинар и направи интервју со повозрасни од твоето опкружување, за популарната музика од нивната младост. Подготви ги прашањатапретходно. Кои биле нивните идоли од тинејџерските години?
Како се танцувало на таа музика? Каде ја слушале (во времето кога немало youtube)? Каква била модата во тоа време? Колку често слушале музика младите тогаш?
Интервјуто можеш да го снимиш или да го напишеш, а потоа, со нивна согласност да го споделиш со твоите другарчиња. Побарај ги песните кои се спомнати во интервјуто. Направи разлика со популарната музика од тоа време и музиката која ја слушаш ти.



***Задача 2.*** Изработи музички споменар. Како? Во една тетратка на секоја страница напиши по едно прашање. Најпрво име и презиме и редни броеви. Следните прашања можат да бидат поврзани со популарната музика. Кој е твојот омилен пејач? Твојата омилена пејачка? Омилен бенд? Омилена песна? Омилена музичка емисија? Можеш да додадеш и други прашања. Потоа тетратката сподели ја со твоите другарчиња. Нека се потпишат и нека одговорат на секое прашање. Секој одговара под ист реден број на секоја страница.Така ќе имате убав спомен од училишните денови на кој ќе се присетувате когаќе бидете возрасни.



# ТРИДЕЛНА ФОРМА

- Наведи наслов на песна која има строфа и рефрен.
- Дали песната има повеќе строфи?
- Дали рефренот се повторува после секоја нова строфа?
- Колку пати се повторуваат строфата и рефренот?
- Потсети се како се нарекува песната која има два дела.

Секое музичко дело има музичка форма која претставува структурно организирање на музичкиот материјал. Уште може да се нарече музичка граматика и синтакса која е многу слична на целините во јазикот.
Детските песни и пократките музички композиции, најчесто се напишани во дводелна и триделна форма, односно имаат две или три заокружени целини.
Триделната форма е составена од три музички целини. Најчесто се среќава во форма АБА, каде што имаме два различни делови а третиот дел е повторување на првиот дел. Поретко се среќава формата АБВ и се однесува на композиција со три различни делови.

А
Б
А

*Видео пример за триделна форма*
https://youtu.be/M7gxQpjezXA

Најмалата мелодиско-ритмичка целина се нарекува мотив (зборот во јазикот). Два мотиви сочинуваат двотакт, а два двотакти сочинуваат музичка реченица. На овој начин продолжува да се гради музичкото дело. Сигурно ја воочуваш споредбата на музичката граматика со граматиката во јазикот.

***Задача 1.*** Разгледај ги двата примери. Воочи и напиши дали станува збор за дводелна или триделна форма.

Пример 1



Пример 2



***Задача 2.*** Претстави ја дводелната и триделната форма со симболи, цртеж или графикон по твој избор.

дводелна форма

триделна форма

# ДУР МОЛ

• Отпеј ја твојата омилена песна. Потоа менувај ја динамиката и темпото (брзо-бавно, тивко-гласно).

• Што приметуваш? Дали песната го менува карактерот? Дали различното темпо и динамика одговараат на мелодијата и ритамот? Дали начинот на изведба може да го смени карактерот на композицијата (стакато, отсечно-легато, слеано)?

• Одбери кои изразни средства одговараат на текстот и мелодијата на песната.

Музиката понекогаш звучи свечено, весело, храбро, игриво а некогаш тажно, елегично, нежно. Покрај темпото, динамиката, начинот на изведба и сл., за карактерот на музичкото дело, голема улога има, дали композицијата е напишана во дур или мол. Во една композиција да има и одредени делови во дур или во мол (дурски и молски тоналитет).





***В.А.Моцарт: Турски марш***
https://youtu.be/geER3iQDO5k

Волфганг Амадеус Моцарт е еден од најголемите композитори во музичката историја. Напишал околу 600 композиции, иако живеел само 36 години.
Ако сакаш повеќе да дознаеш за В.А.Моцарт, проследи го филмот

*Задача 1*. Поврзи ги точките. Потоа, напиши го името и презимето на композиторот.



*Задача 2*. Слушни ја композицијата ,,Турски марш” од В.А.Моцарт. Деловите во мол претстави ги со круг, а деловите во дур со квадрат. Како ја слушаш композицијата, така редоследно цртај. Кога ќе заврши композицијата, преброј колку кругови и квадрати има. Дали сите кругови и квадрати се исти? Дали се повторува иста мелодија? Доколку се различни, обој ги со различна боја.

# ТРАЕЊЕ НА НОТИТЕ

Потсетување на изучените ноти и паузи.






осмина пауза



осмина пауза

**Осмина нота** и **осмина пауза** траат по половина удар.

Кога има повеќе осмини една по друга, тие можат да се запишат и со нотен кров (без знаменца).



**Ритмички вежби**

1. 

2. 

***Задача 1.*** Одреди го вкупниот збир на траењето на нотите во секое поле и обој ја боенката според легендата.

| | бело | сино | розено | зелено | виолетно | жолто | портокалово | црвено |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (вкупен збир на нотите и паузите) → | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** |



# ТАКТОВИ

Секоја музичка композиција е составена од повеќе мали делови наречени **тактови**. Тие се меѓусебно одвоени со вертикалнилинии наречени **тактови црти**.

Видот на тактот се пишува на почетокот на композицијата веднаш по violинскиот клуч. Горниот број означува колку тактови времиња има во еден такт, а долниот број означува која нота е мерна единица.




**Двочетвртинскиот такт** е дводелен рамноделен такт, составен од две тактови времиња. Првото време е нагласено (јако) а второто тактово време е ненагласено (слабо). Збирот на нотните вредности во секој такт е две четвртини (два удари).




**Тричетвртински такт** е триделен рамноделен такт. Има три тактови времиња, од кои, првото време е јако а второто и третото се слаби. Основна тактова мера е четвртина нота. Збирот на нотните вредности во секој такт изнесува три четвртини ноти.



*Задача 1*. Впиши го тактот во квадратчето.



*Задача 2*. Дополни ги непотполните тактови.



# ТОНСКА СКАЛА

**Тонска скала** е низа од 8 тонови во која првиот тон се повторува и како последен.




| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| аретински → | до | ре | ми | фа | сол | ла | си | до |
| абецедни → | C | D | E | F | G | A | H | C |
| стапала → | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII(I) |

Имињата на тоновите, до, ре, ми, фа, сол, ла, си и до, се нарекуваат **солмизациони**, затоа што со нив се солфежира, односно се пеат тоновите. Уште се нарекуваат **аретински**, затоа што ги измислил музичкиот теоретичар Гвидо Аретински (Гвидо од Арецо) во 9 век.
Имињата на тоновите, и воопшто, јазикот на музиката, се универзални. На ист начин (со мали измени) се изведуваат секаде во светот.
Покрај аретинските имиња, тоновите имаат и **абецедни** кои служат за теоретско именување на тоновите.

**Стапало** е местото каде што стои секој тон во тонската скала.Стапалата се бележат со римски броеви.

**Степен** е растојанието помеѓу два соседни тонови во скалата. Степенот може да биде **цел и полустепен**. Во дурската тонска скала полустепените се помеѓу трето - четврто и седмо - осмо стапало а останатите се цели степени.

Кога скалата ќе се подели на два еднакви делови, се добиваат две групи од по четири тонови кои се нарекуваат **тетракорди**. Во секоја скала има **долен и горен тетракорд**

***Задача 1.*** Поврзи ги цветовите со ливчињата, односно, аретинските со абеcедните имиња на тоновите




***Задача 2.*** Под тоновите напиши ги соодветните абеcедни имиња и откриј кои зборови ќе ги добиеш на англиски јазик.



***Задача 3.*** Поврзи го абеcедното име на тонот со соодветното стапало во основната скала C-dur.




***Задача 4.*** Обележи ги долниот и горниот тетракорд и полустепените во основната скала.

